# ТРГОВИЈА

дипл.економист Ромео Костадинов

# МАКСИМИРАЊЕ НА МАРЖАТА НА ОДРЕДЕНИ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

***Почнувајќи од 14.06.2022 година, повторно, со Одлуката за определување на највисока трговска маржа на основните прехранбени производи во трговијата на големо и на мало, се определува највисока маржа на дел од најупотребуваните прехранбени производи.***

## *ВОВЕД*

Мерките кои се носат за стабилизирање и повторно ставање во рамнотежа на економските елементи на пазарниот механизам, односно потрошувачката, а овојпат и понудата, ги дадоа првите резултати. По укинувањето, не требаше да помине подолг период за да тие повторно се вратат на голема врата.

Враќањето на мерките за ублажување на пазарната нерамнотежа, не се воведуваат поради тоа што при првиот циклус на нивната примена донесоа позитивни резултати. Напротив, по кревањето на плаштот од мерките, се видоа одговори-те на пазарниот механизам, кој преку ноќ ги воспостави рамнотежните сидра на понудата и побарувачката, но на повисоко инфлаторно ниво.

Предизвикувачот на пазарните нарушувања се бара во отворените воени активности на Европско тло, но тоа е далеку од вистината. Сакаме ние или не, мораме да признаеме дека рестриктивните мерки и политики, доведоа до нарушување на пазарните текови.

## 1. РЕГУЛАТОРНИ МЕРКИ И СВЕТСКИ ИСКУСТВА

Земајќи ги во предвид мерките кои и во 70-тите години од минатиот век, беа превземани за да се постигне рамнотежа на пазарните сидра, не треба да се заборават и последиците кои ги продлабочија разликите, наместо да ги поништат.

Во слична ситуација заради преземање контрола и запирање на порастот на цените, се преземаа мерки за фиксирање на цените на производите. Меѓутоа тоа фиксирање на цените ги обесхрабри трговците и производителите, кои во неможност на остварување профит или одржување проста репродукција на циклусите (без заработка), демотивирани ја намалија понудата на производите со фиксни цени. Падот на понудата доведе до вртоглаво зголемување на цените, бидејќи потрошувачката не се намали во обем, како обесхрабрената понуда.

За жал, истите мерки повторно се воведуваат, без посериозна студија во поглед на потрошувачкиот јаз, кој се продлабочува и ја чека својата шанса за удар врз цените.

Шокот од цените предизвикан од укинувањето на даночните олеснувања за енергенсите, предизвика верижна реакција на поскапување на производите, која сега се обидуваат да ја стабилизираат со ново фиксирање на цените на производите.

Илузорно е да се очекува продажба на производи кои се продаваат по фиксна непроменета цена, а цените на енергенсите и репроматеријалите за нивно производство постојано растат.

Заклучокот е неминовен, нов ценовен бум, сигурно следи, понудата ќе опаѓа се до моментот на либерализација на цените, која ќе ја манифестира инфлацијата во полн сјај.

Моменталната состојба не покажува знаци на релаксирање и не најавува смирување на понудата со енергенси, кои се предводници на пазарниот дисбаланс и дивеењето на цените.

Мерките за запирање на ограничување на пазарните активности на меѓународно ниво не се најавуваат, туку напротив се повеќе се зголемуваат рестрикциите и ограничувањата на понудата на енергенси и други есенцијални производи. Поради непостојаност и недоволна понуда, цените ќе продолжат да растат. Мерки на ограничување на порастот на цените ќе се воведуваат од краток здив, поради непостоење на други одбранбени механизми. Инфлацијата ќе биде неминовна последица и илузорно е да се очекува враќање на цените на претходните стојалишта.

*2. МЕРКИ ЗА ФИКСИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ*

Започнувајќи од 14.06.2022, заклучно со 30 септември 2022 година за дел од најупотребуваните прехранбени производи се ограничува трговската маржа во трговијата на големо и трговијата на мало.

На леб бел - сечен на парчиња или цел, шеќер бел, како и сончогледово масло за јадење (без ладно цедено масло), се утврдува трговска маржа во висина до 5% во трговијата на големо и до 5% во трговијата на мало.

За брашно од пченица – тип 400 и тип 500 - макарони и шпагети од тврда пченица, македонски ориз бел, трајно кравјо млеко со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5% и јајца од кокошка за сите трговски друштва и трговци поединци, кои учествуваат во трговскиот ланец, се утврдува трговска маржа во висина до 10% во трговијата на големо и до 10% во трговијата на мало.

Согласно Одлуката за овие производи нема да се пресметуваат оперативни трошоци и не се одобрува рабат и надоместоци, кои трговецот на мало ги наплаќа од трговецот на големо и тоа за рекламирање и за изложување на стоките на рафтови односно полици (примарни и секундарни позиции).

Се предвидува со Одлуката да се ограничи растот на цените во наредниот период преку утврдување на висината на трговската маржа која треба да влијание на растот на цените на мало на основните прехранбени производи. На овој начин, евентуалниот раст на цените во трговијата на големо и трговијата мало ќе биде предизвикан од растот на увозните и берзанските цени, како и растот на производствените трошоци.

Рабатот и надоместоците се забранети за одобрување до 31 декември 2022 година.

*3. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТРГУВАЊЕ ОД 14.06 ДО 30.09.2022 ГОДИНА*

Вториот сет мерки за стабилизирање на понудата и побарувачката за одредени артикли од прехранбен вид, се применува за вообичаени прехранбени производи, кои имаат најголема застапеност во исхраната на населението.

Во “Службен весник на РС Македонија” 135 и 137/2022 година, се објави новата Одлука и нејзината прва измена за посебни услови за трговијата на одделни стоки, **која стапува на сила на 14 јуни 2022 година и важи заклучно со 30.09.2022 година.**

Со оваа одлука се определува највисоката трговска (профитна) маржа, како посебен услов во трговијата за следните стоки:

- леб бел (сечен на парчиња или цел);
- шеќер бел;
- македонски ориз бел;
- сончогледово масло за јадење (без ладно цедено масло);
- брашно од пченица – тип 400 и тип 500;
- макарони и шпагети од тврда дурум пченица.
- јајца од кокошка;
- трајно кравјо млеко со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%.

Споредбата за регулирање на маржа со новата Одлука и производите од старата претходна одлука (која престана да важи со 30.06.2022), покажува дека од максимирање на маржата се исклучени месо и месни преработки и млечните производи.

Највисоката трговска маржа за наведените стоки за сите трговски друштва и трговци поединци кои учествуваат во трговскиот ланец во трговијата на големо, се утврдува во вкупен износ до 5% на продажната цена, пресметана во трговијата на големо за белиот леб, бел шеќер и сончогледово масло за јадење.

На продажната цена пресметана во трговијата на мало, за белиот леб, белиот шеќер и сончогледовото масло за јадење, највисока маржа се определува исто така на 5%.

Производителите кои ги произведуваат стоките, се опфатени во трговскиот ланец на трговијата на големо и истите се во сетот од субјектите, кои можат да продаваат со ограничена маржа, од 5% во првиот ланец на големопродажбата.

Од продажната цена на трговијата на големо и трговијата на мало, се исклучени сите производствени и оперативни трошоци, кои не смеат да бидат искажани при формирањето на продажната цена за наведените стоки.

Исто така рабатот на надоместоците на трговецот на мало ги наплатува од трговецот на големо и тоа за рекламирање и изложување (позиционирање) на стоката на рафтови и полици (примарни и секундарни позиции, се забранети за вклучување во цената и за наплата).

Кон сите годишни договори за продажба во трговскиот ланец меѓу добавувачи трговци на големо и купувачи трговци на мало се склучуваат анекси за регулирање и исфрлање на рабатите и позиционирањето или се склучуваат нови договори.

Највисоката трговска (профитна) маржа на стоките, ќе се применува до **30.09.2022** година.

**Табела 1**

**Максимирана маржа во трговија на големо и мало од 14.06 - 30.09.2022 година**

| Р.бр. | Трговија на мало | | Трговија на големо | |
|---|---|---|---|---|
| | Производ | | Производ | |
| | 5% | 10% | 5% | 10% |
| 1 | Леб бел - сечен на парчиња или цел | Брашно од пченица – тип 400 | Леб бел - сечен на парчиња или цел | Брашно од пченица – тип 400 |
| 2 | Шеќер бел | Брашно од пченица – тип 500 | Шеќер бел | Брашно од пченица – тип 500 |
| 3 | Сончогледово масло за јадење (без ладно цедено масло | Макарони и шпагети од тврда пченица | Сончогледово масло за јадење (без ладно цедено масло | Макарони и шпагети од тврда пченица |
| 4 | | Македонски ориз бел | | Македонски ориз бел |
| 5 | | Трајно кравјо мле-ко со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5% | | Трајно кравјо мле-ко со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5% |
| 6 | | Јајца од кокошка | | Јајца од кокошка |

## *4. РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ СТАРАТА И НОВАТА ОДЛУКА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА МАРЖАТА ЗА ОДРЕДЕНИ ПРЕХРАНБЕНИ АРТИКЛИ*

Постојат неколку видови на разлики, помеѓу претходната и новата Одлука за ограничување на мерките на определени видови на прехранбени производи.

Основната разлика помеѓу двете лимитирачки одлуки е секако напуштањето на концептот на нулта маржа, кој беше пропишан за укинатата одлука. Во новата одлука сите производи кои се опфатени со одлуката се оставени да вклучат маржа (иако ограничена) во продажната цена.

Втората разлика е што од фиксна маржа се отстранети сувомеснатите производи - салама (посебни и паризер од свинско, пилешко и говедско), виршли (пилешки, свински, јунешки) и колбасите (пилешки, свински и говетски) со додатоци во нив. Елиминирани се и сирењата: бело кравјо и сирење бело мешано кравјо и овчо и кравјата урда.

Третата разлика се огледа во зголемениот процент на маржа во трговијата на големо и мало, за разлика од понискиот процент на маржата од укинатата одлука.

Четвртата разлика е во истоветен процент на пропишана маржа во трговијата на големо и трговијата на мало, за разлика од старата одлука која предвидуваше 3% за мало и 4% маржа дозволена до 30.06 во трговијата на големо.

Петата разлика е во различниот процент на дозволена максимална маржа за различни производи. Со старата одлука маржата по видови производи беше истоветна.

Шестата разлика е укинување на дозволени оперативни трошоци, кои се пропишуваа во продажните цени со старата одлука.

# НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ

*дипл.економист Јулија Минковска*

## ОДВОЕН ЖИВОТ И ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК

***Правото на надоместок за одвоен живот од семејството и теренски додаток е регулирано, согласно Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05... 110/19, 267/20, 151/21, 288/21), Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството ("Службен весник на РМ" 150/12...150/16), Општиот колективен договор за јавен сектор („Службен весник на РМ" 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), Гранските колективни договори и Колективни договори на ниво на работодавач.***

### *ВОВЕД*

Согласно член 113 од Законот за работни односи, работникот има право на надомест на трошоци, поврзани со работата за:

1) Дневници за службено патување;
2) **Теренски додаток;**
3) Користење на приватен автомобил за службени патувања;
4) **Одвоен живот од семејството;**
5) Смрт на работникот или член на неговото семејство;
6) Отпремнина при одење во пензија, како и
7) Јубилејни награди.

Висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци, се утврдува со Закон и Колективен договор.

**Работодавачот на свој трошок** на работниците може да им организира превоз до и од работното место, како и исхрана за време на работа.

- Трошоците за исхрана можат да изнесуваат **најмногу до 20% од просечната нето плата по работник исплатена во претходната година, која за 2022 година изнесува:**

**5.744,00 (28.718 x 20%)**

- Трошоците за превоз се утврдуваат **во висина на стварните трошоци во јавниот собраќај.**

## *1. НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ*

### *1.1. Надоместок на трошоците за Одвоен живот од семејството во ПРИВАТНИОТ СЕКТОР*

Одвоен живот од семејството се смета кога работникот кој има семејство за издржување, заснова работен однос по потреба на службата во друг град, надвор од неговото живеалиште, а во местото каде што е седиштето на фирмата со кој засновал работен однос, не живее со неговото семејство.

***НАПОМЕНА*: Надоместокот за одвоен живот, не се исплатува, доколку работникот или неговото семејство, имаат живеалиште во една од соседните општини.**

Под одвоен живот од семејството, се смета времето поминато на работа надвор од местото на ***живеење, во траење над 30 дена непрекинато.***

Надоместокот за одвоен живот се исплатува кога работникот е распореден, односно упатен на работа надвор од седиштето на фирмата или надвор од местото на постојаното живеалиште на еден или повеќе месеци.

***Надоместокот на трошоци за одвоен живот од семејството, се исплатува од средствата на друштвото.***

Согласно член 35 став 1 алинеа 4 од Општиот колективен договор за приватен сектор од обласата на стопанството ***(во продолжение ОКДПС***), висината на надоместокот *за* Одвоен живот се определува ***во износ од 60% од основицата,*** која преставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија, во претходните три месеци, според последниот објавен показател од Држаниот завод за статистика.

**НАПОМЕНА: Правото на надоместокот за одвоен живот се користи во целост, само во случај кога нема организирано сместување, исхрана и други услуги.**

Во случај кога е организиран еден од условите, надоместокот **се намалува за износот на трошокот по тој основ.**

Ова претпоставува дека работникот може да патува секој ден, **а трошоците за превоз му се признаваат во полн износ.**

**НАПОМЕНА: Работникот нема право на надомест за одвоен живот за деновите на боледување, годишен одмор, платено и неплатено отсуство.**

### *1.2. Надоместок на трошоците за одвоен живот од семејството во ЈАВНИОТ СЕКТОР*

Одвоен живот од семејството се смета кога избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници и единките корисници, кои имаат семејство за издржување засноваат работен однос во орган на управа надвор од нивното живеалиште, а во местото каде што е седиштето на органот во кој имаат засновано работен однос, **не живеат со нивното семејство.**

Согласно член 11 од Законот за Извршување на Буџетот на Република Македонија за 2022 („Службен весник на РМ" 287/21), на овие лица од денот на нивното именување заклучно со денот на нивното разрешување, им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството **во висина од 30%**

**од просечната месечна нето плата исплатена** во Република Македонија, **во претходните три месеци**.

Надоместокот за трошоците за одвоен живот не им припаѓа на лицата, доколку местото на живеење е оддалечено **помалку од 100 километри од местото на работење.**

На избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници и единките корисници, кои користат надоместок за одвоен живот од семејството, **не им следува надоместок за трошоците за превоз, заради посета на потесното семејство.**

На лицата на кои им следува право на користење на службен стан согласно со Закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден, имаат право на надоместок за закупнина на стан. Владата на Република Македонија, ќе ја определи висината на надоместокот за закупнина на стан.

**НАПОМЕНА: Надоместокот на трошоците за одвоен живот и надоместокот за закупнина на стан, меѓусебно се исклучуваат.**

Овие одредби се применуваат и на лицата на служба на Армија на Република Македонија и во Министерството за внатрешни работи, на кои им следуваат овие права, согласно со Закон.

Надоместокот за селидбени трошоци, на лица на кои им следува право на користење на службен стан, се исплатува во висина на вистинските трошоци за превоз на покуќнината.

**Надоместокот за селидбени трошоци не следува,** доколку на вработениот му се исплатува надоместок за одвоен живот.

**НАПОМЕНА: Работникот нема право на надомест за одвоен живот за деновите на боледување, годишен одмор, платено и неплатено отсуство.**

**НАПОМЕНА: Надоместокот за одвоен живот од семејството и теренскиот додаток, меѓусебно се исклучуваат.**

## *2. НАДОМЕСТОК ЗА РАБОТА НА ТЕРЕН*

### *2.1. Надоместок на трошоците за работа на терен во ПРИВАТЕН СЕКТОР*

***Теренски додаток*** претставува надомест на работникот заради извршување на работни задачи, **надвор од место на работа** – седиште на фирмата.

***Под работа на терен*** се подразбираат работи што според својата природа се изведуваат надвор од местото на вработувањето на работникот и ***во траење подолго од 15 дена непрекинато.*** Надоместокот за работа на терен ги опфаќа трошоците за сместување и исхрана и трошоците за превоз на работникот **од местото на вработувањето до местото каде што се извршуваат работите**.

Теренскиот додаток треба да овозможи надоместување за зголемените трошоци, при извршувањето на работи и работни задачи на терен.

Бидејќи извршувањето на одделни деловни активности во подолг временски период се врши надвор од седиштето на претпријатието на работникот е неопходно да му се обезбеди престој и исхрана, во местото каде ја извршува работната задача. Работодавецот е должен да обезбеди услови за престој на работникот на терен.

Трошоците врз оваа основа се материјални трошоци на работењето и се покриваат во висината на вистинските трооци.

**НАПОМЕНА: Работникот има право на надомест на име теренски додаток, во зависност од обезбедените услови за престој.**

**Висината на теренскиот додаток** е различна и зависи од дејноста на претпријатието, согласно на тоа и од одредбите на гранските колективни договори или колективен договор на ниво на работодавец.

Согласно напред наведеното, во праксата се сретнуваме и со различни висини на теренскиот додаток, зависно од дејноста и обезбедените денови за престој на работникот на терен.

*2.1.1. Остварување на правото за теренски додаток*

Согласно одредбите од член 35 од ОКДПС, правото на теренски додаток се остварува, поради зголемени трошоци на кои е изложен работникот, ако се упати на извршување на работни задачи во места, кои се надвор од општината во кое има седиште работодавачот.

**НАПОМЕНА: Соседните општини на општината во која има седиште работодавачот, не подлежат на теренски додаток.**

Трошоците би биле на товар на вработениот, доколку се упати на извршување работни задачи надвор од општината и соседните општини во вид на храна, превоз и сместување.

Значи работа на терен не се подразбира доколку на пример земјоделски комбинат упати вработени на работа на земјоделски површини, кои не се во општината, каде што е седиштето, ако вработените се превезуваат и враќаат во текот на еден работен ден.

Теренскиот додаток е определен како надоместок за вработените, ако се упатени **со престој од повеќе од 15 дена** непрекинато, при што за извршувањето на работите истите престојуваат ***(сместување за престој и спиење***), надвор од општината и соседните општини на општината во која е седиштето на правниот субјект, кој упатува вработени на работа на терен.

**Непрекинат престој се смета**, иако вработените се враќаат за време на викенд и повторно заминуваат на работа на терен, наредниот работен ден, по деновите на викендот ***(или неделниот одмор – доколку е различен од викендот).***

### *2.2. Надоместок на трошоците за работа на терен во ЈАВНИОТ СЕКТОР*

Надоместокот за работа на терен во Јавниот сектор не е прецизно дефиниран како надоместок, од аспект што во Општиот колективен договор за Јавен сектор содржи одредба со која е утвдено дека дневниците за службени патувања, надоместокот за исхрана и теренскиот додаток, како и надоместокот за одвоен живот од семејството и теренски додаток, меѓусебно се исклучуваат.

Висината на теренскиот додаток во Законот за извршување на буџетот не е предвидена. додека пак во колективните договори на ниво на дејност од областа на јавниот сектор, не содржат прецизни одредби за исплата на теренски додаток, иако тоа е предвидено како право со Општиот колективен договор за Јавен сектор.

Поголем дел од нив содржат управувачка норма за примена на Општиот колкетивен договор во однос на условите и висината на додатоците на плата, надоместоците и другите примања на работникот.

### *3. ДАНОЧЕН ТРЕТМАН НА ОДВОЕН ЖИВОТ И ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК*

Согласно одредбите од член 12 став 1 точка 6 од Законот за Данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018;232/19; 275/19, 290/20, 85/21), на надоместоците за одвоен живот и теренски додаток, ***не се пресметува и плаќа данок на доход во висина на најнискиот износ утврден со Општиот колективен договор за приватен сектор, односно за вработените во Јавниот сектор во висина утврдена со прописите за Органите на државната управа.***

Согласно член 14 став 1 точка 3 од Законот за Данок на добивка ("Службен весник на РСМ"), како даночно признати расходи се: *Исплатените надоместоци на трошоците од работен однос за службено патување ***(освен користењето на приватен автомобил)***, *теренскиот додаток или одвоениот живот во висина на најнискиот износ* утврден со Општиот колкетивен договор за приватен сектор и прописите на органите на државната управа.

**НАПОМЕНА: Доколку работодавачот исплатува теренски додаток или Одвоен живот, над пропишаните износи, разликата ќе се оданочи.**

## *4. ПРЕСМЕТКА НА ОДВОЕН ЖИВОТ И ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК*

### *4.1. Пресметка на Одвоен живот*

**Пример:** На работникот "НН" за времето поминато на извршување работни задачи, надвор од местото на живеење и седиштето на фирмата, му се исплатува на име одвоен живот **за месец Мај/2022 година, износ во висина од 16.886,00 денари.**

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 1) 44102 – Надомест за одвоен живот | 16.886,00 | |
| 2414 – Обврски спрема вработени за одвоен живот | | 16.886,00 |

***(утврдување на обврска за одвоен живот);***

| | | |
|---|---|---|
| 2) 2414 – Обврски спрема вработени за одвоен живот | 16.886,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 16.886,00 |

***(исплати за одвоен живот преку трансакциска).***

### *4.2. Пресметка на теренски додаток*

Теренски додаток, работодавачот може да пресметува и исплатува, само ако е регулирано со колективен договор на ниво на дејност или со колективен договор на ниво на работодавач.

Вообичаено, друштвата теренски додаток исплатуваат кога нивните активности се надвор од седиштето на друштвото или неговите деловни единици ***(Пример: изградба на градежни објекти, ископи, инсталирање и поправка на постројки, воведување на технолошки компјутерски системи и сл.).***

Во поголем број на Колективни договори на ниво на дејност има само упатувачка норма, прашањето на теренски додаток да биде регулирано со колективен договор на ниво на работодавач.

Во овие случаи покрај висината на теренскиот додаток би требало да се регулираат и други прашања на пример: оддалеченоста од седиштето на друштвото, односно деловните единици **(на пр: над 30 км, над 50 км и слично**); времето на работа на терен **(на пр: од првиот ден, над 10 дена, над 30 дена и сл.),** и при работа на терен, може да настанат и други трошоци, како што се:

- **Трошоци за превоз (ако не е организиран);**
- **Патарини;**
- **Користење на интернет;**
- **Изнајмување на простории;**
- **Трошоци за фотокопирање и слично.**

**НАПОМЕНА: Висината на теренскиот додаток во колективните договори на ниво на работодавач, треба да биде во согласност со колективните договори на ниво на дејност, но не повеќе од висината на дневниците за службени патувања.**

Во продолжение Ви презентираме ***Пример:*** за исплата на надоместок за теренски додаток во согласност ***со Колективен договор за градежништвото, индустрија на градежни материјали и проектирањето на Република Македонија*.**

***ПРИМЕР 1: Обезбедено сметување и исхрана***

Друштвото „ММ" испратило 2 работници на терен со обезбедено сместување, исхрана и превоз за 12 дена.

**Бидејки е обезбедено сместување и исхрана, во** КД за градежништвото, индустрија на градежни материјали и проектирањето на Република Македонија, теренскиот додаток **е утврден во висина од 10% од висината на дневницата** и - несува:

**2.252 x 10% = 225,00 денари;**

Ноќевањето е обезбедено во приватно сместување и изнесува:

**(225 денари. x 12 дена x 2 работника 5.404 денари.**

**ПРЕСМЕТКА**

*(на теренски додаток за период*
*од 12.05.до 24.05. 2022 година за 2 вработени)*

| Р.бр. | Име и пре-зиме | Број на ден. | По ден | Вкупно (3 x 4) | Други тро-шоци | Вкуп. (5+6) | Ава нс | Испла та |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1. | АА | 12 | 225 | 2.700 | / | 2.700 | / | 2.700 |
| 2. | ББ | 12 | 225 | 2.700 | / | 2.700 | / | 2.700 |
| **Вку-пно** | | | | **5.400** | **/** | **5.400** | **/** | **5.400** |

**ПРЕСМЕТКА**

*на Данок на доход на доход од имот и имотни права за месец*
*Мај/2022 година (за ноќевање)*

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Нето доход** | **18.000,00** |
| **2.** | **Данок на доход (1 x 9,2896%)** | **1.672,00** |
| **3.** | **За исплата (1 + 2)** | **19.672,00** |

**Книжење:**

44101-Надомест на теренски додаток 5.040,00
1021-Благајна 5.040,00
*(пресметка за теренски додаток);*

4143 – Наемнини од граѓани 19.672,00
2201 - Обврски кон граѓаните 18.000,00
269 - Обрски за данок на доход 1.672,00
*(пресметка за ноќевање);*

2201 - Обврски кон граѓаните 18.000,00
269 - Обврски за данок на доход 1.672,00
1000 - Трансакциска сметка 19.672,00
*(платен данок на доход за кирија).*

**ПРИМЕР 2: Не е обезбедено сместување и исхрана**

Друштвото „ММ” испратило 3 работници на терен **без обезбедено сместување, и исхрана.**

Висината на теренскиот додаток согласно КД на градежништво, градежни материјали и проектирање, во овој случај изнесува:

**Дневница за службени патувања**

**Мај/2022: 2.252,00**

**Висина на теренски додаток: 2.252,00**

**Исплатен Аванс: 63.144,00**

**НАПОМЕНА: Бидејќи не е обезбедено сместување и исхрана, во колективен договор на ниво на работодавач теренскиот додаток е утврден во висина на Дневницата за службени патувања за соодветниот период.**

**ПРЕСМЕТКА**

***на теренски додаток за период од 12.05.до 24.05.2022 година за 3 вработени***

| Р.бр. | Име и презиме | Бр. на денови | По ден | Вкупно | Д. трошоци | Вкупно | Аванс | Исплата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5(3x4)** | **6** | **7(5+6)** | **8** | **9 (7-8)** |
| 1. | АА | 12 | 2.700 | 32.400 | 1.500/ | 33.900 | 21.048 | 12.852 |
| 2. | ББ | 12 | 2.700 | 32.400 | 1.500 | 33.900 | 21.048 | 12.852 |
| 3. | ВВ | 12 | 2.700 | 32.400 | 1.500 | 33.900 | 21.048 | 12.852 |
| **вк** | | | | **97.200** | **4.500** | **101.700** | **63.144** | **38.556** |

**Книжење:**

1439 - Аванс за теренски додаток 63.144,00
102 – Благајна 63.144,00
***(исплатен аванс за теренски додаток);***

44102 - Надомест на теренски додаток 63.144,00
4401 - Трошоци за превоз 4.500,00
1439 - Аванс за теренски додаток 63.144,00
102 – Благајна 4.500,00
(*по пресметка за теренски додаток*).

### *5. НАДОМЕСТОК НА ОДВОЕН ЖИВОТ И ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК, СПОРЕД ГРАНСКИТЕ КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ*

Надоместокот за одвоен живот и теренски додаток е различен за поделните грански колективни договори, евидентно од Прегледот на субјектите според гранските Колективни договори, со назначување на висината според која се регулираат надоместоците за одвоен живот и теренски додаток.

**Преглед 1:**

**Одвоен живот и Теренски додаток од ПРИВАТЕН СЕКТОР според Гранските колективни договори**

| Р. б | КД на гранка | Право на надоместок за ОДВОЕН ЖИВОТ | Право на надоместок за ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК |
|---|---|---|---|
| 1. | **ОКДПС** **(**10/08; 88/08, 122/08; 85/09) | **Најмалку 60%** од основицата (за работа вон седиштето на работодавачот **над 2 месеца)** | Зависно од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл), **се уредува согласно КД на работодавач**. |
| 2. | КД за **КОМУНАЛНИ** дејности (107/06) | **Најмалку 60%** од основицата (за работа вон седиштето на работодавачот **над 2 месеца)** | Зависно од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл), **се уредува согласно КД на работодавач**. |
| 3. | КД за **УГОСТИТЕЛСТВО (**02/08) | Во висина **од 60%** од основицата **на еден или повеќе месеци** | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл), **се уредува со КД на работодавач.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4.** | КД за **ЗАШТИТНИ ДРУШТВА** (151/14) | Во висина утврдена со КД на ниво на дејност, т.е. на ниво на работодавач, **но не помалку од 60%** од основицата | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл), **во висина утврдена на ниво на работодавач** |
| **5** | КД за **ТЕКСТИЛНА** индустрија (220/15) | Во висина утврдена со КД на ниво на работодавач **но не помалу од 60% од** основицата. | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл), **во висина утврдена со КД на ниво на работодавач** |
| **6** | КД за **ЗЕМЈОДЕЛСТВО и ПРЕХРАМБЕНА** индустрија (175/15) | Во висина утврдена со КД на ниво на дејност, т.е. на ниво на работодавач, **но не помалку од 60%** од основицата | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл), **во висина утврдена со КД на ниво на работодавач** |
| **7.** | КД за вработените од **ТУТУНСКО** стопанство (115/14) | Во висина **од најмалку 60%** од основицата, во случај кога нема организ. сместување и исхрана. Доколку е обезбедено смест.или исхрана надомес. **се намалува за 25%** | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл), **во висина утврдена со КД на ниво на работодавач** |
| **8.** | КД за **КОЖАРСА и ЧЕВЛАРСКА** индустрија (220/15) | Во висина утврдена со КД на ниво на работодавач, **но не помалку од 60%** од основицата | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл), **во висина утврдена со КД на ниво на работодавач** |
| **9.** | КД за дејноста **ХЕМИСКА** ндустрија (52/09; 59/11 10/13) | Во висина **од најмалку 60%** од основицата, во случај кога нема организирано местување и исхрана. Во случај кога е организиран еден од словите, надоместокот **се намалува за износот на трошокот по тој основ** | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл), **во висина до 75% од износот на дневницата** |
| 10. | КД На друштвата од друго **МОНЕТАРНИ** посре- | **60% од** основицата | Во зависнот од обезбедените услови за престој на терен (сместување, исхрана и сл), за престој **повеќе од 30 дена;** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | дување во работењето во **ХАРТИИ од ВРЕДНОСТ** и стокови договори (197/11 189/13) | | *** 2% од основицата, ако е обезбедено сместување и исхрана и**<br>*** 7% од основицата ако е обезбедено само сместување** |
| 11. | КД за **ЕНЕРГЕТИКА (**182/16) | Во висина утврдена со КД на ниво на работодавач, **но не помалку од 60%** од основицата | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл), **во висина утврдена со КД на ниво на работодавач** |
| 12. | КД за **ГРАДЕЖНИШТВО**, Индустријата на градежни материјали и **ПРОЕКТИРАЊЕ** (28/03) | Согласно КД за приватен сектор | Во зависност од обезбедените услови за престој и тоа:<br>➢ **кога е обезбедено сместување и исхрана 10% од висината на дневницата;**<br>➢ **кога е обезбедено само сместување во висина на дневницата**<br>➢ **кога е обезбедено само исхрана во висина на трошоците за спиење, како и 10% дневно во висина на дневницата** |
| 12. | КД за **НЕЗАВИСНИ** регулаторни тела (74/15) | **60% од** Основицата | **5% од** Основицата |

**НАПОМЕНА: Основица за пресметка, преставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија, исплатена во последните три месеци.**

**ПРЕГЛЕД 2:**

***Одвоен живот и Теренски додаток од ЈАВЕН СЕКТОР, според гранските колективни договори***

| Р. бр | Колективен договор на гранка | Право на надоместок за одвоен живот | Право на надоместок за теренски додаток |
|---|---|---|---|
| 1. | КД за Др**жавна управа, Стручни служби на Влада на РСМ, Судовите, Јавните обвинителства, Казнено-поравните и Воспитно-поправните установи, Државното правобранителство, Општините, Градот Скопоје и Општините на градот Скопје, Агенциите, Фондовите и др. Органи основани од Собрание на РСМ** (51/20, 172/21) | / | Во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување и исхрана), во висина утврдена со поединечен колективен договор или акт на работодавачот |
| 2. | КД за Министерство за **ВНАТРЕШНИ** работи (69/15) | Согласно Законот за Извршување на Буџетот на РМ | Во висина **од 30%** од основицата |
| 3. | КД за **ЗДРАВСТВЕНА** дејност на Р.Македонија (60/06, 219/19) | Во висина **од 60%** од основицата | Во зависност од обезбедените услови за престој на работник на терен (сместување, исхрана**), но не повеќе од 60%.** |
| 4. | КД за Министерство за **ОДБРАНА** (108/13) | Согласно Законот за Извршување на Буџетот на РМ | Согласно КД за јавен сектор |
| 5.. | КД за **ОСНОВНО** образование во РМ (24/09 … 39/10) | Согласно КД за јавен секто | Согласно КД за јавен секто |
| 6. | КД за **СРЕДНО** образование (24/09; 39/10) | Согласно КД за јавен секто | Согласно КД за јавен сектор |

**НАПОМЕНА: Основица за пресметка претставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија, исплатена во последните три месеци.**

# СМЕТКОВОДСТВО

*Редакциски текст*

## *РАБОТНИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2022 ГОДИНА*

***Потребни за изработка на финансиски извештаи за период од 01.01 до 30.06.2022 година.***

### *ВОВЕД*

Согласно член 476 од Законот за трговски друштва (“Службен весник на РМ” 19/04 ... 120/18, 290/20, 215/21), секој голем и среден трговец, трговците определени со закон, како и трговците кои вршат банкарски дејности, дејности на осигурување, трговците кои котираат на берза, како и трговците чии финансиски извештаи влегуваат во консолидирани финансиски извештаи на претходно наведените трговци, имаат обврска да водат сметководство во согласност со усвоените меѓународните стандарди за финансиско известување.

Другите трговци имаат обврска да водат сметководство во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти.

Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти, се ажурираат на годишна основа за да бидат усогласени со тековните стандарди, така како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди.

Одредбите од ЗТД во однос на водењето на сметководството, класифицирањето на трговците, трговските книги, годишни-те сметки и финансиските извештаи, соодветно се применуваат и на правните лица со седиште во Република Македонија

што вршат дејност одредена со Националната класификација на дејностите, кои не се сметаат за трговци во согласност со законот и со други прописи, ако со друг закон поинаку не е определено.

**Годишните Финансиските извештаи вклучуваат:**

- Извештај за финансиска состојба - ***Биланс на состојба;***
- *Извештај за севкупна добивка* ***- Биланс на успех;***
- ***Извештај за промените во главнината;***
- ***Извештај за паричните текови;***
- ***Применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки,*** подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Трговецот покрај тоа што составува годишна сметка за една календарска година, составува годишна сметка и финансиски извештај **и во покус период од наведениот, во случај на статусни промени (*присоединување, спојување, поделба*), ликвидација, стечај и во други случаи, определени со закон.**

За таа цел при изработка на годишната сметка за година или за пократок период, деловните субјекти користат одредени работни податоци, кои претставуваат мерила и критериуми за утврдување на износот на средствата и изворите на средства, како и на износите на приходите и расходите.

**Во продолжение се презентирани сите неопходни податоци и информации за работењето во сметководството и изготвувањето на финансиските извештаи, кои се подготвени и објавени од страна на надлежните институции.**

# I. П Л А Т И

## 1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА / 2022 ГОДИНА

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за ***2022*** година, изнесува:

| |
|---|
| ***43.509,00 денари.*** |

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ–ЈУНИ/2022 година.***

## 2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ

### 2.1. Најниска основица за вработени лица

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08... 171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2022* година, изнесува:**

| |
|---|
| ***21.755,00 денари (43.509,00 x 50%).*** |

### 2.2. Најниска основица за самовработени лица

**САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – *вршител на самостојна економска дејност* (*таксисти, занаетчии*)**

| |
|---|
| ***21.755,00 денари;*** |

**САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА**
***вршител на професионална и друга интелектуална дејност* (*адвокати, нотари, извршители*)**

| |
|---|
| ***43.509,00 денари;*** |

***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА***
***вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:***

| |
|---|
| ***21.755,00 денари.*** |

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *3.1. Највисока основица за вработени лица*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ ***за 2022 година***, изнесува:

| |
|---|
| ***696.144,00 денари (16 х 43.509,00 денари).*** |

### *3.2. Највисока основица за самовработени лица*

*НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА* за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

| |
|---|
| ***522.108,00 денари (12 х 43.509,00 денари).*** |

### *3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво*

*НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА* за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2022 година**, изнесува:

| |
|---|
| ***696.144,00 денари (16 х 43.509,00 денари).*** |

### *3.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност*

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија, објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

***34.807,00 денари (43.509,00 денари x 80%).***

***На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, само на разликата над највисоката основица, се пресметува Данок на доход.***

## *4. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 202/19; 239/19; 88/20), висината на минималната плата во Република Македонија:

| Р.бр | Година/Период | Нето | Бруто | Сл. Весник на РСМ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 01.01.2020 - 31.03.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 239/2019 Закон |
| 2. | 01.04.2020 – 30.06.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 88/2020 Уредба |
| 2. | 01.07.2020 - 31.03.2021 | 14.934,00 | 21.776,00 | 75/2020 Објава |
| 3. | 01.04.2021 - 31.03.2022 | 15.194,00 | 22.146,00 | 80/2021 Објава |
| 4. | 01.03.2022 – 28.02.2023 | 18.000,00 | 26.422,00 | 41/2022 Закон |

## 5. ПРОСЕЧНА ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА НЕТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| ВО МЕСЕЦОТ | | | |
|---|---|---|---|
| *Период* | *Просечна исплатена месечна нето плата* | *Соопштение на ДЗС* | |
| | | *Број* | *Дата* |
| **ЈАНУАРИ/20221** | 29.130,00 | 4.1.22.08 | 21.01.2022 |
| **ФЕВРУАРИ/2022** | 29.943,00 | 4.1.21.16 | 22.02.2022 |
| **МАРТ/2022** | 29.980,00 | 4.1.21.26 | 23.03.2022 |
| **АПРИЛ/2022** | 29.839,00 | 4.1.21.36 | 21.04.2022 |
| **МАЈ/2022** | 31.080,00 | 4.1.21.46 | 20.05.2022 |
| **ЈУНИ/2022** | 31.525,00 | 4.1.21.57 | 22.06.2022 |

### *5.1. Надоместоци на трошоци поврзани со работата кај претпријатија со повеќе од 51% во државна сопственост*

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ ("Службен весник на РМ" 70/94 ... 170/13; 139/14, 147/15), ***работодавачот може да врши исплата на следните надоместоци:***

**ОТПРЕМНИНА ПРИ ОДЕЊЕ ВО ПЕНЗИЈА**

Се исплатува во висина, најмногу до **двократен износ** од основицата, ***ослободен од Данок на личен доход до двократен износ;***

**РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР**

Се исплатува во висина, **најмногу до 60%** од основицата, ***се пресметува и плаќа Данок на личен доход;***

**ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА**

Се исплатува **во висина од основицата,** ***се пресметува и плаќа Данок на личен доход.***

**НАПОМЕНА: Основица за пресметување на надоместоците пртставува Просечната месечна нето плата по работник во РМ, исплатена до денот на исплатата.**

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА НАДОМЕСТОЦИТЕ

| ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ДРУШТВА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Период* | *Отпрем-нина при одење во пензија* | *Регрес за годишен одмор* | *Јубилејна награда* | *Соопштен ие на ДЗС* | *Дата* |
| **ЈАНУАРИ/2022** | 58.260,00 | 17.478,00 | 29.130,00 | 4.1.22.08 | 21.01.2022 |
| **ФЕВРУАРИ/2022** | 59.886,00 | 17.966,00 | 29.943,00 | 4.1.21.16 | 22.02.2022 |
| **МАРТ/2022** | 59.960,00 | 17.988,00 | 29.980,00 | 4.1.21.26 | 23.03.2022 |
| **АПРИЛ/2021** | 59.678,00 | 17.903,00 | 29.839,00 | 4.1.21.36 | 21.04.2022 |
| **МАЈ/2022** | 60.598,00 | 18.648,00 | 31.080,00 | 4.1.21.46 | 20.05.2022 |
| **ЈУНИ/2022** | 63.050,00 | 18.915,00 | 31.525,00 | 4.1.21.57 | 22.06.2022 |

## *6. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА НЕТО ПЛАТА ПО РАБОТНИК ВО РС МАКЕДОНИЈА ЗА ТРИ МЕСЕЦИ*

| ЗА ПРЕТХОДНИ ТРИ МЕСЕЦИ | | | |
|---|---|---|---|
| *Период* | *Просечна исплатена месечна нето плата* | *Соопштение на ДЗС* | |
| | | *Број* | *Дата* |
| **ЈАНУАРИ/(IX-X-XI)/21/22** | 29.048,00 | 4.1.22.08 | 21.01.2022 |
| **ФЕВРУАРИ/(X-XI-XII)/21/22** | 29.406,00 | 4.1.21.16 | 22.02.2022 |
| **МАРТ/(XI-XII-I)/21/2022** | 29.690,00 | 4.1.21.26 | 23.03.2022 |
| **АПРИЛ (XII-I-II)/21/2022** | 29.920,00 | 4.1.21.36 | 21.04.2022 |
| **МАЈ/(I-II-III)/2022** | 30.299,00 | 4.1.21.46 | 20.05.2022 |
| **ЈУНИ/(II-III-IV)/2022** | 30.808,00 | 4.1.21.57 | 22.06.2022 |

### *6.1. Надоместоци на трошоци поврзани со работата*

Согласно член 35 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12;189/13; (115/14 п.т.); 119/15; 150/16, работникот **има право на надомест на трошоците поврзани со работата**, утврдени со закон и колективен договор и тоа:

**ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА**

Во висина **од 8%** од основицата.
***Ослободен од Данок на личен доход до 8% од основицата.***

## ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО

Согласно колективен договор на ниво на работодавач, но не помалку од Уредбата за издатоците за службен пат и селидби во странство, што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци („Службен весник на РМ” 50/00; 64/01; 110/08; 82/10; 12/12; 5/13; 1/14; 90/14).

## НАДОМЕСТ ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО

Во висина утврдена со колективен договор на ниво на гранка односно оддел, односно на ниво на работодавач, ***но не помалку од 60%*** од основицата. Надоместокот за одвоен живот се исплатува кога работникот е распореден, односно упатен на ра-бота надвор од седиштето на фирмата или надвор од местото на постојаното живеалиште. ***Ослободен од Данок на личен доход до 60% од основицата.***

## ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК

Во зависност **од обезбедените услови** за работа на терен **(*сместување, исхрана и слично*)**, во висина утврдена со колективен договор на ниво на гранка, односно оддел, односно на ниво на работодавач;

## НАДОМЕСТОК ЗА ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА

**Во висина на основицата** – за најмалку 10 години работа кај ист работодавач. ***Се пресметува и плаќа данок на личен доход.***

## ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ ВО ПЕНЗИЈА

**Двократен износ од основицата. *Ослободен од Данок на личен доход до две основици.***

## НАДОМЕСТОК ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК

На неговото семејство се исплатува надоместок до **висина од три основици. *Ослободен од Данок на личен доход до три основици.***

## НАДОМЕСТОК ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА СОПРУГ, СОПРУГА, ДЕЦА И РОДИТЕЛИ, КОИ ЖИВЕАТ ВО ИСТА СЕМЕЈНА ЗАЕДНИЦА

На работникот му се исплатува надоместок **во висина од две основици. *Ослободен од Данок на личен доход до две основици.***

**РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР**

**Во висина од НАЈМАЛКУ 40%** од основицата, **под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач.** Со колективен договор на ниво на дејност или колективен договор на ниво на работодавач **може да се утврди регрес за годишен одмор во ПОГОЛЕМ износ од износот** утврден со овој колективен договор. **Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината.** Износот се утврдува според основицата која важи на денот на донесувањето на Одлуката за исплата. **Кај работодавачите кај кои настанале потешкотии во работењето**, ценејќи ја економско финансиската состојба на работодавачот, по задолжителна претходна консултација со синдикатот на ниво на гранка односно оддел, со спогодба потпишана од работодавачот и репрезентативната синдикална организација може да се утврди регрес за годишен одмор во помал износ од износот утврден со колективен договор. Кај рабо-тодавачите во кои нема формирано синдикат спогодбата се потпишува со избран претставник од работниците.
**Даночно признатиот расход за К-15 за месец Јуни/2022 година се утврдува на износ од 37.674,00 МКД, пресметан како 80% од просечната месечна бруто плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата.**

***За К-15 се пресметува и плаќа данок на личен доход.***

**НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ЗА ПОВРЕДА НА РАБОТА И ПРОФЕСИОНАЛНО ЗАБОЛУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ**

Во висина на просечна месечна нето плата по работник во РМ, исплатена во последните 3 месеци. ***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход.***

**НАПОМЕНА: Основица за пресметување на надоместоците пртставува Просечната месечна нето плата по работник во РМ исплатена во последните три месеци.**

Покрај овие Надоместоци од работнен однос на работникот согласно Закон и Колективен договор, му следуваат и следните надоместоци и трошоци, поврзани со работата.

## НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕН АВТОМОБИЛ ЗА ПОТРЕБИ НА РАБОТОДАВАЧОТ

**Во висина од 30%** од цената на литар гориво, што го користи автомобилот за секој поминат километар. ***Ослободен од Данок на личен доход до 3.500,00 денари месечно.***

## НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ ПРИ СЕЛИДБА

за потребите на работодавачот, во висина на стварните трошоци. ***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход.***

## МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

во висина **од 50%** од Просечната Бруто плата, исплатена во претходната 2022 година во РСМ.

**21.444 денари** (50% од 42.887 денари).

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход.***

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА НАДОМЕСТОЦИТЕ

*ЗА ПРИВАТНИ ДРУШТВА*

| *Период* | *Дневница* | *Одвоен живот* | *Јубилејни награди* | *Отпремни на при одење во пензија* | *Смрт на работник* | *Смрт на член на семејство* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | 2.324,00 | 17.429,00 | 29.048,00 | 58.096,00 | 87.144,00 | 58.096,00 |
| **ФЕВРУАР** | 2.352,00 | 17.644,00 | 29.406,00 | 58.812,00 | 88.218,00 | 58.812,00 |
| **МАРТ** | 2.375,00 | 17.814,00 | 29.690,00 | 59.380,00 | 89.070,00 | 59.380,00 |
| **АПРИЛ** | 2.394,00 | 17.952,00 | 29.920,00 | 59.840,00 | 89.760,00 | 59.840,00 |
| **МАЈ** | 2.424,00 | 18.179,00 | 30.299,00 | 60.598,00 | 90.897,00 | 60.598,00 |
| **ЈУНИ** | 2.465,00 | 18.485,00 | 30,808,00 | 61.616,00 | 92.424,00 | 61.616,00 |

| *Период* | *Регрес за годишен одмор (најнизок износ)* | *Даночно признат расход* | *Боледување подолго од 6 месеци* | *Надомест од елементарна непогода* |
|---|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | 11.619,00 | 34.807,00 | 29.048,00 | 29.048,00 |
| **ФЕВРУАРИ** | 11.762,00 | 35.769,00 | 29.406,00 | 29.406,00 |
| **МАРТ** | 11.876,00 | 35.809,00 | 29.690,00 | 29.690,00 |
| **АПРИЛ** | 11.968,00 | 35.625,00 | 29.920,00 | 29.920,00 |
| **МАЈ** | 11.120,00 | 37.144,00 | 30.299,00 | 30.299,00 |
| **ЈУНИ** | 12.323,00 | 37.674,00 | 30.808,00 | 30.808,00 |

## 7. ПРОСЕЧНА ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН

| *Период* | *Просечна исплатена месечна бруто плата* | *Соопштение на ДЗС* | |
|---|---|---|---|
| | | *Број* | *Дата* |
| **НОЕМВРИ/2021** | 43.509,00 | 4.1.22.08 | 21.01.2022 |
| **ДЕКЕМВРИ/2021** | 44.711,00 | 4.1.21.16 | 22.02.2022 |
| **ЈАНУАРИ/2022** | 44.762,00 | 4.1.21.26 | 23.03.2022 |
| **ФЕВРУАРИ/2022** | 44.531,00 | 4.1.21.36 | 21.04.2022 |
| **МАРТ/2022** | 46.430,00 | 4.1.21.46 | 20.05.2022 |
| **АПРИЛ/2022** | 46.007,00 | 4.1.21.58 | 22.06.2022. |

## 8. ПРОСЕЧНА ИСПЛАТЕНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА ТРИ МЕСЕЦИ

| *Период* | *Просечна исплатена бруто плата за три месеци* | *Соопштение на ДЗС* | |
|---|---|---|---|
| | | *Број* | *Дата* |
| **IX –X-XI/2021** | 43.401,00 | 4.1.22.08 | 21.01.2022 |
| **X-XI-XII/2021** | 43.925,00 | 4.1.21.16 | 22.02.2022 |
| **XI-XII-I/2021/2022** | 44.335,00 | 4.1.21.26 | 23.03.2022 |
| **XII-I-II/2021/2022** | 44.667,00 | 4.1.21.36 | 21.04.2022 |
| **I-II-III//2022** | 45.239,00 | 4.1.21.46 | 20.05.2022 |
| **II-III-IV/2022** | 46.007,00 | 4.1.21.58 | 22.06.2022 |

## 9. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА КАЈ БУЏЕТИТЕ И ФОНДОВИТЕ И КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТИТЕ И ФОНДОВИ ЗА 2022 ГОДИНА

Согласно Законот за Извршување на Буџетот на РС Македонија за 2022 година ("Службен весник на РМ" 287/21), на Буџетските корисници за 2022 година, им се исплатуваат следните надоместоци:

## НАДОМЕСТОК НА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТ-ВОТО

***Во висина од 30% од просечната месечна нето плата, исплатена во РМ во претходните три месеци*).** Надоместокот за одвоен живот не им припаѓа на лицата доколку местото на живеење е одалечено помалку од 100 км од местото на работење.

***Ослободен од Данок на личен доход до 30% од основицата.***

## ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК

На неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од **Двократен износ на просечна месечна нето плата** по работник во РМ, објавена до денот на исплатата**.**

***Ослободен од Данок на личен доход до двократен износ.***

## ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА ПОТЕСНО СЕМЕЈСТВО

Родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца, деца земени на издржување, доколку живеел во заедница).

На вработенот му припаѓа парична помош во висина од од **Просечна месечна нето плата** по работник во РМ, објавена до денот на исплатата**.**

***Ослободен од Данок на личен доход, до просечна нето плата.***

## ОТПРЕМНИНА НА ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА

Се исплатува во висина од двократен износ од просечната месечна нето плата по работник во РМ, објавена во последните три месеци.

***Ослободен од Данок на личен доход, до двократен износ***

## БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД ШЕСТ МЕСЕЦИ

Во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата, во органот каде што е вработен).

***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход.***

**НАДОМЕСТ ВОЛОНТЕРИ**

**Надоместокот на трошоците за храна и превоз (до и од** местото на волонтирањето), се исплатува **најмногу до 15%** од просечна месечна плата во Републиката, исплатена за претходната година.

**(42.887 x 15% = 6.433,00 денари).**

**ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА**

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2022 година од 01.01.2022 година, изнесува*:*

***700,00 денари.***

**ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА**

За најмалку 10 години работа кај ист работодавач согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2022 година **НЕ Е ПРОПИШАНА.**

**РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР**

Согласно член 21 од Гранскиот Колективен договор за Органи на државна управа, Стручни служби на Влада на РМ, Судовите, Јавните обинителства, Казнено-поправните и воспитно поправните установи, Државно правобранителство, општините, градот и општините на градот Скопје Агенциите, Фондовите и други органи основани од Собранието на РМ ("Службен весник на РМ" 51/20, 172/21), вработениот <u>има право</u> на регрес за годишен одмор, во висина од најмалку:

***9.000,00 денари* НЕТО.**

под услов вработениот **да работел најмалку шест (6) месеци во календарската година кај работодавачот.**

***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход.***

## НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК

Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2021 година, ***НЕ Е ПРОПИШАН.***

## НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ

Во висина на стварни направени трошоци.
***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход.***

## ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2022 година, изнесува:

***81,60 денари.***

Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ***("Службен весник на РМ" 298/2021).***

### ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА НАДОМЕСТОЦИТЕ

| *Период* | *Одвоен живот* | *Помош за смрт на работник* | *Помош за смрт на член на семејство* | *Отпремнина за пензија* | **Боледување подолго од 6 месеци** | **Надомест за волонтери** | **Дневница за службено патување во земјата** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | **8.714,00** | **58.260,00** | **29.130,00** | **55.176,00** | **Последна исплатена нето плата на работник** | **6.433.00** | **700,00** |
| **ФЕВРУАРИ** | **8.822,00** | **59.886,00** | **29.943,00** | **56.588,00** | | | |
| **МАРТ** | **8.907,00** | **59.960,00** | **29.980,00** | **56.544,00** | | | |
| **АПРИЛ** | **8.9736,00** | **59.678,00** | **29.839,00** | **55.896,00** | | | |
| **МАЈ** | **9.090,00** | **62.160,00** | **31.080,00** | **56.434,00** | | | |
| **ЈУНИ** | **9.242,00** | **63.050,00** | **31.525,00** | **63.050,00** | | | |

## НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ
(за период ЈАНУАРИ – ЈУНИ/2022 година)

| ДАТА НА ВАЖНОСТ | ЦЕНИ НА ГОРИВО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Еуро супер БС - 95 | Еуро супер БС - 98 | Еуро дизел БС (Д-Е V) | Масло за горење (ЕЛ – 1) | Мазут М-1/НС | Службен весник |
| 04.01.2022 | 75,00 | 77,00 | 65,50 | 65,50 | 40,210 | 1/2021 |
| 11.01.2022 | 75,50 | 77,50 | 67,50 | 67,50 | 41,724 | 5/2021 |
| 18.01.2022 | 76,50 | 78,50 | 69,00 | 69,00 | 42,822 | 12/2022 |
| 25.01.2022 | 78,50 | 80,50 | 71,00 | 71,00 | 44,213 | 16/2022 |
| 01.02.2022 | 79,50 | 81,50 | 71,50 | 71,50 | 44,722 | 22/2022 |
| 08.02.2022 | 81,00 | 83,00 | 73,50 | 73,00 | 46,537 | 26/2022 |
| 15.02.2022 | 82,00 | 84,00 | 74,00 | 73,00 | 46,491 | 32/2022 |
| 22.02.2022 | 82,50 | 84,50 | 74,00 | 73,50 | 46,921 | 38/2022 |
| 01.03.2022 | 84,00 | 86,00 | 75,50 | 74,50 | 48,170 | 42/2022 |
| 08.03.2022 | 89,50 | 91,50 | 85,50 | 83,50 | 54,319 | 48/2022 |
| 10.03.2022 | 93,00 | 95,00 | 94,00 | 90,00 | 59,165 | 53/2022 |
| 11.03.2022 | 93,00 | 95,00 | 97,00 | 92,50 | 60,569 | 55/2022 |
| 13.03.2022 | 86,50 | 88,50 | 88,50 | 83,50 | 60,914 | 59/2022 |
| 15.03.2022 | 86,50 | 88,50 | 88,00 | 83,50 | 60,914 | 60/2022 |
| 16.03.2022 | 86,50 | 88,50 | 85,00 | 81,00 | 59,299 | 62/2022 |
| 17.03.2022 | 81,50 | 83,50 | 79,00 | 75,50 | 56,749 | 63/2022 |
| 18.03.2022 | 79,50 | 81,50 | 76,00 | 72,00 | 54,521 | 66/2022 |
| 19.03.2022 | 79,50 | 81,50 | 76,00 | 72,50 | 53,159 | 67/2022 |
| 22.03.2022 | 79,00 | 81,00 | 77,00 | 73,50 | 52,354 | 70/2022 |
| 23.03.2022 | 79,00 | 81,00 | 77,00 | 75,50 | 52,354 | 72/2022 |
| 24.03.2022 | 79,00 | 81,00 | 81,00 | 78,00 | 53,592 | 73/2022 |
| 25.03.2022 | 82,00 | 84,00 | 84,00 | 81,00 | 55,163 | 74/2022 |
| 26.03.2022 | 82,00 | 84,00 | 86,00 | 81,00 | 56,207 | 76/2022 |
| 29.03.2022 | 83,50 | 85,50 | 87,50 | 84,00 | 57,347 | 77/2022 |
| 01.04.2022 | 83,50 | 85,50 | 85,50 | 81,50 | 56,130 | 80/2022 |
| 02.04.2022 | 83,50 | 85,50 | 83,50 | 79,50 | 56,130 | 81/2022 |
| 05.04.2022 | 81,00 | 83,00 | 82,00 | 78,50 | 54,154 | 83/2022 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 08.04.2022 | 81,00 | 83,00 | 82,00 | 78,50 | 52,662 | 87/2022 |
| 12.04.2022 | 80,00 | 82,00 | 80,00 | 78,50 | 51,535 | 89/2022 |
| 19.04.2022 | 81,50 | 83,50 | 82,50 | 80,50 | 51,599 | 95/2022 |
| 21.04.2022 | 81,50 | 83,50 | 82,50 | 82,50 | 51,599 | 98/2022 |
| 22.04.2022 | 81,50 | 83,50 | 84,50 | 82,50 | 51,599 | 99/2022 |
| 27.04.2022 | 84,00 | 86,00 | 85,50 | 84,00 | 52,825 | 100/2022 |
| 29.04.2022 | 84,00 | 86,00 | 85,50 | 84,00 | 51,784 | 102/2022 |
| 04.05.2022 | 86,00 | 88,00 | 87,00 | 85,00 | 52,294 | 104/2022 |
| 05.05.2022 | 88,50 | 90,50 | 90,00 | 87,50 | 53,587 | 105/2022 |
| 10.05.2022 | 90,50 | 92,50 | 89,50 | 87,50 | 53,848 | 109/2022 |
| 12.05.2022 | 90,50 | 92,50 | 87,00 | 85,00 | 53,848 | 112/2022 |
| 13.05.2022 | 90,50 | 92,50 | 87,50 | 85,00 | 52,646 | 113/2022 |
| 17.05.2022 | 92,00 | 94,00 | 86,00 | 84,00 | 52,436 | 115/2022 |
| 19.05.2022 | 94,50 | 96,50 | 86,00 | 84,00 | 54,339 | 116/2022 |
| 24.05.2022 | 95,00 | 97,00 | 85,00 | 83,50 | 54,963 | 118/2022 |
| 31.05.2022 | 95,00 | 97,00 | 86,00 | 84,50 | 54,640 | 122/2022 |
| **01.06.2022** | **104,00** | **106,50** | **95,00** | **93,00** | **54,640** | **124/2022** |
| **02.06.2022** | **107,00** | **109,00** | **97,50** | **95,50** | **54,640** | **126/2022** |
| **03.06.2022** | **107,00** | **109,00** | **99,50** | **98,50** | **54,640** | **127/2022** |
| **04.06.2022** | **109,00** | **111,50** | **99,50** | **98,50** | **54,640** | **128/2022** |
| **07.06.2022** | **110,00** | **112,00** | **102,00** | **99,50** | **55,508** | **129/2022** |
| **09.06.2022** | **110,00** | **112,00** | **104,50** | **102,50** | **55,508** | **131/2022** |
| **14.06.2022** | **111,50** | **113,50** | **107,50** | **105,00** | **56,317** | **134/2022** |
| **18.06.2022** | **115,50** | **113,50** | **109,50** | **105,00** | **56,317** | **139/2022** |
| **21.06.2022** | **110,00** | **112,00** | **110,00** | **107,00** | **56,738** | **140/2022** |
| **23.06.2022** | **110,00** | **112,00** | **110,00** | **107,00** | **55,291** | **142/2022** |
| **24.06.2022** | **110,00** | **112,00** | **110,00** | **107,00** | **54,291** | **143/2022** |
| **28.06.2022** | **109,00** | **111,50** | **109,00** | **107,00** | **53,308** | **145/2022** |
| **30.06.2022** | **109,00** | **111,50** | **106,50** | **105,00** | **53,305** | **147/2022** |

# *1. НАЈКУСИ ПАТНИ РАСТОЈАНИЈА ПОМЕЃУ ОПШТИНСКИТЕ ЦЕНТРИ ВО РС МАКЕДОНИЈА*

| | Берово | Битола | М.Брод | Валандово | Виница | Гевгелија | Гостивар | Дебар | Делчево | Д.Хисар | Кавадарци | Кичево | Кочани | К.Паланка | Кратово |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Берово** | | 227 | 226 | 76 | 42 | 102 | 235 | 295 | 35 | 210 | 138 | 255 | 52 | 151 | 107 |
| **Битола** | 227 | | 78 | 155 | 194 | 166 | 124 | 130 | 228 | 27 | 90 | 78 | 178 | 236 | 196 |
| **М.Брод** | 226 | 78 | | 152 | 198 | 166 | 75 | 115 | 232 | 76 | 86 | 25 | 178 | 232 | 197 |
| **Валандово** | 76 | 155 | 152 | | 127 | 32 | 209 | 266 | 170 | 169 | 65 | 180 | 117 | 183 | 139 |
| **Виница** | 42 | 194 | 198 | 127 | | 159 | 188 | 252 | 51 | 224 | 100 | 217 | 11 | 109 | 65 |
| **Гевгелија** | 102 | 166 | 166 | 32 | 159 | | 220 | 278 | 137 | 187 | 75 | 187 | 145 | 208 | 170 |
| **Гостивар** | 240 | 124 | 75 | 214 | 193 | 225 | | 68 | 235 | 87 | 172 | 46 | 185 | 166 | 160 |
| **Дебар** | 300 | 134 | 117 | 266 | 257 | 278 | 68 | | 302 | 137 | 236 | 89 | 250 | 234 | 224 |
| **Делчево** | 35 | 228 | 232 | 170 | 51 | 137 | 230 | 297 | | 202 | 150 | 252 | 53 | 151 | 107 |
| **Д.Хисар** | 210 | 27 | 76 | 169 | 224 | 187 | 87 | 137 | 242 | | 111 | 42 | 198 | 255 | 222 |
| **Кавадарци** | 138 | 90 | 86 | 65 | 100 | 75 | 167 | 202 | 150 | 111 | | 111 | 90 | 167 | 137 |
| **Кичево** | 255 | 78 | 25 | 180 | 217 | 187 | 46 | 89 | 252 | 42 | 111 | | 227 | 211 | 205 |
| **Кочани** | 52 | 178 | 178 | 117 | 11 | 145 | 180 | 245 | 53 | 198 | 90 | 222 | | 99 | 55 |
| **Кр.Паланка** | 151 | 241 | 227 | 183 | 109 | 208 | 166 | 234 | 151 | 260 | 172 | 211 | 99 | | 44 |
| **Кратово** | 107 | 196 | 197 | 139 | 65 | 170 | 160 | 224 | 107 | 222 | 137 | 205 | 55 | 44 | |
| **Крушево** | 218 | 52 | 55 | 145 | 194 | 161 | 140 | 154 | 219 | 24 | 81 | 62 | 174 | 220 | 190 |
| **Куманово** | 139 | 176 | 162 | 154 | 92 | 166 | 107 | 172 | 145 | 197 | 113 | 152 | 92 | 60 | 53 |
| **Неготино** | 127 | 100 | 98 | 53 | 90 | 64 | 156 | 214 | 132 | 123 | 10 | 201 | 80 | 157 | 103 |
| **Охрид** | 293 | 56 | 86 | 220 | 258 | 190 | 107 | 66 | 294 | 92 | 155 | 61 | 250 | 273 | 266 |
| **Прилеп** | 187 | 41 | 37 | 114 | 157 | 125 | 108 | 153 | 188 | 62 | 49 | 62 | 141 | 195 | 160 |
| **Пробиштип** | 91 | 180 | 181 | 123 | 47 | 154 | 170 | 241 | 91 | 202 | 120 | 215 | 39 | 60 | 17 |
| **Радовиш** | 82 | 147 | 147 | 51 | 75 | 90 | 177 | 253 | 113 | 167 | 49 | 232 | 66 | 132 | 88 |
| **Ресен** | 255 | 30 | 108 | 185 | 218 | 228 | 142 | 102 | 256 | 56 | 120 | 96 | 215 | 256 | 231 |
| **Св.Николе** | 107 | 149 | 149 | 109 | 63 | 143 | 147 | 210 | 107 | 168 | 82 | 192 | 49 | 103 | 57 |
| **Скопје** | 163 | 176 | 137 | 147 | 120 | 160 | 67 | 134 | 168 | 158 | 105 | 112 | 115 | 99 | 93 |
| **Струга** | 305 | 79 | 86 | 235 | 268 | 245 | 106 | 52 | 306 | 105 | 170 | 60 | 265 | 273 | 267 |
| **Струмица** | 54 | 175 | 173 | 22 | 104 | 51 | 216 | 281 | 85 | 196 | 82 | 261 | 98 | 156 | 117 |
| **Тетово** | 217 | 149 | 99 | 189 | 176 | 200 | 24 | 94 | 210 | 112 | 147 | 70 | 157 | 141 | 135 |
| **Велес** | 111 | 120 | 116 | 95 | 73 | 106 | 110 | 184 | 109 | 141 | 52 | 155 | 63 | 116 | 86 |
| **Штип** | 83 | 150 | 155 | 86 | 43 | 118 | 157 | 219 | 83 | 181 | 63 | 181 | 32 | 90 | 52 |

| | Крушево | Куманово | Неготино | Охрид | Прилеп | Пробиштип | Радовиш | Ресен | Св.Николе | Скопје | Струга | Струмица | Тетово | Велес | Штип |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 218 | 139 | 127 | 293 | 187 | 100 | 82 | 255 | 107 | 158 | 305 | 54 | 212 | 111 | 83 |
| Битола | 52 | 171 | 100 | 66 | 41 | 180 | 147 | 30 | 149 | 171 | 79 | 175 | 149 | 120 | 150 |
| М.Брод | 55 | 167 | 98 | 86 | 37 | 181 | 147 | 108 | 149 | 137 | 86 | 173 | 99 | 116 | 155 |
| Валандово | 145 | 149 | 53 | 220 | 114 | 123 | 51 | 185 | 109 | 142 | 235 | 22 | 184 | 95 | 85 |
| Виница | 194 | 92 | 90 | 258 | 157 | 47 | 75 | 218 | 63 | 115 | 268 | 104 | 171 | 73 | 43 |
| Гевгелија | 161 | 161 | 64 | 190 | 125 | 154 | 90 | 228 | 143 | 153 | 245 | 51 | 195 | 106 | 118 |
| Гостивар | 140 | 107 | 161 | 107 | 108 | 175 | 182 | 142 | 147 | 67 | 106 | 221 | 24 | 115 | 152 |
| Дебар | 154 | 172 | 214 | 66 | 153 | 241 | 258 | 102 | 215 | 134 | 52 | 286 | 94 | 189 | 224 |
| Делчево | 219 | 145 | 132 | 294 | 188 | 91 | 113 | 256 | 107 | 163 | 306 | 85 | 205 | 109 | 83 |
| Д.Хисар | 24 | 192 | 123 | 92 | 62 | 202 | 167 | 56 | 168 | 158 | 105 | 196 | 112 | 141 | 181 |
| Кавадарци | 81 | 108 | 10 | 155 | 49 | 120 | 49 | 120 | 82 | 100 | 170 | 82 | 142 | 52 | 63 |
| Кичево | 62 | 152 | 206 | 61 | 62 | 220 | 237 | 96 | 192 | 112 | 80 | 266 | 70 | 160 | 181 |
| Кочани | 174 | 92 | 80 | 250 | 141 | 39 | 66 | 215 | 49 | 110 | 265 | 98 | 152 | 63 | 32 |
| Кр.Пал-анка | 225 | 60 | 162 | 273 | 190 | 60 | 132 | 261 | 103 | 99 | 273 | 156 | 141 | 121 | 90 |
| Кратово | 190 | 53 | 103 | 266 | 160 | 17 | 88 | 231 | 57 | 93 | 267 | 117 | 135 | 86 | 52 |
| Крушево | | 162 | 93 | 138 | 32 | 174 | 141 | 103 | 144 | 154 | 153 | 166 | 164 | 111 | 151 |
| Куманово | 162 | | 102 | 214 | 135 | 70 | 102 | 206 | 44 | 39 | 214 | 131 | 82 | 61 | 65 |
| Неготино | 93 | 97 | | 167 | 61 | 87 | 37 | 132 | 73 | 98 | 182 | 75 | 131 | 41 | 51 |
| Охрид | 138 | 214 | 167 | | 106 | 250 | 211 | 35 | 213 | 174 | 15 | 237 | 132 | 180 | 215 |
| Прилеп | 32 | 130 | 61 | 106 | | 144 | 110 | 71 | 112 | 126 | 121 | 134 | 132 | 79 | 119 |
| Пробиштип | 174 | 70 | 87 | 250 | 144 | | 72 | 216 | 53 | 108 | 266 | 101 | 169 | 76 | 36 |
| Радовиш | 141 | 102 | 37 | 211 | 110 | 72 | | 181 | 58 | 120 | 231 | 29 | 162 | 77 | 37 |
| Ресен | 103 | 206 | 132 | 35 | 71 | 216 | 181 | | 183 | 193 | 50 | 205 | 184 | 145 | 180 |
| Св.Николе | 144 | 44 | 73 | 213 | 112 | 53 | 58 | 183 | | 80 | 254 | 87 | 122 | 33 | 25 |
| Скопје | 159 | 39 | 95 | 174 | 131 | 108 | 125 | 198 | 80 | | 174 | 154 | 42 | 53 | 91 |
| Струга | 153 | 214 | 182 | 15 | 121 | 266 | 231 | 50 | 254 | 174 | | 255 | 132 | 195 | 230 |
| Струмица | 166 | 131 | 75 | 237 | 134 | 101 | 29 | 205 | 87 | 149 | 255 | | 191 | 113 | 66 |
| Тетово | 164 | 82 | 136 | 132 | 132 | 169 | 167 | 184 | 122 | 44 | 132 | 196 | | 90 | 133 |
| Велес | 111 | 55 | 41 | 180 | 79 | 76 | 77 | 145 | 33 | 50 | 190 | 113 | 85 | | 40 |
| Штип | 151 | 65 | 51 | 215 | 119 | 36 | 37 | 180 | 25 | 86 | 230 | 66 | 128 | 40 | |

***Извор:*** *Фонд за магистрални и регионални патишта на Република Македонија*

## II. КОЕФИЦИЕНТИ

### 1. КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ (ЈАНУАРИ – ЈУНИ/2022)

| Месец | Месечен коефициент | Кумулативен коефициент | Ист месец претх.год. |
|---|---|---|---|
| ЈАНУАРИ | 0,027 | 0,027 | 0,181 |
| ФЕВРУАРИ | 0,016 | 0,044 | 0,183 |
| МАРТ | 0,052 | 0,098 | 0,122 |
| АПРИЛ | 0,003 | 0,102 | 0,214 |
| МАЈ | 0,003 | 0,043 | 0,055 |
| ЈУНИ | / | / | / |

### 2. КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО (ЈАНУАРИ – ЈУНИ/2022)

| Месец | Месечен коефициент | Кумулативен коефициент | Ист месец претходна година |
|---|---|---|---|
| ЈАЈНУАРИ | 0,012 | 0,012 | 0,073 |
| ФЕВРУАРИ | 0,012 | 0,023 | 0,086 |
| МАРТ | 0,015 | 0,039 | 0,0986 |
| АПРИЛ | 0,020 | 0,059 | 0111 |
| МАЈ | 0,015 | 0,075 | 0,121 |
| ЈУНИ | / | / | / |

### 3. КУМУЛАТИВЕН ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО (МДБ) (ЈАНУАРИ – ЈУНИ/2022)

| Месец | МДБ | Службен весник |
|---|---|---|
| ЈАНУАРИ | 4,6% | 34/2022 |
| ФЕВРУАРИ | 4,7% | 49/2022 |
| МАРТ | 5,4% | 88/2022 |
| АПРИЛ | 6,3 | 113/2022 |
| МАЈ | 7,2% | 132/2022 |
| ЈУНИ | / | / |

### *4. ЖИВОТНИ ТРОШОЦИ (ЈАНУАРИ – ЈУНИ/2022)*

| *Месец* | *Трошоци на живот* | *Право на пораст* | *Службен весник* |
|---|---|---|---|
| *ЈАНУАРИ/ДЕКЕМВРИ 20/20* | *1,5%* | *0,75%* | *41/2022* |
| *ФЕВРУАРИ/ЈАНУАРИ / 2021* | *1,0%* | *0,50%* | *72/2022* |
| *МАРТ/ФЕВРУАРИ / 2021* | *1,6%* | *0,80%* | *100/2022* |
| *АПРИЛ/МАРТ / 2021* | *2,2%* | *1,10%* | *116/2022* |
| *МАЈ/АПРИЛ / 2021* | *2,0%* | *1,01%* | *141/2022* |
| *ЈУНИ/МАЈ / 2021* | / | / | / |

## *III. РЕФЕРЕНТНА КАМАТНА СТАПКА*

1. Согласно член 266-а став 6 од Законот за облигациони односи („Службен весник на РМ" 18/01; 4/02; 5/03; 84/08; 81/09; 161/09) и точка 3 од Одлуката за референтна каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата („Службен весник на РМ" 139/08; 13/10), Народна банка на Република Македонија, ја објави референтната каматна стапка за пресметување на стапка на казнена камата.

## ПРЕГЛЕД НА ВИСИНА НА СТАПКА НА КАЗНЕНА И ДОГОВОРНА КАМАТА ОД 01.02.2010 ДО 30.06.2022 година

| **Период** | **Референтна каматна стапка** | **Казнена камата правно и правно** | **Казнена камата правно и ф...** | **Објава на НБРМ** | **Стапка на EURIBOR** | **Правно и правно** | **Правно и физичко** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3=(2+10) | 4=(2+8) | 5 | 6 | 7=(6+10%) | 8=(6+8%) |
| 01.02-30.06. 2010 | 8,5% | 18,5% | 16,5% | **8562 30.12.2009** | 0,453% | 10,453% | 8,453% |
| 01.07-31.12. 2010 | 5% | 15% | 13% | **4474 30.06.2010** | 0,485% | 10,485% | 8,485% |
| 01.01-30.06. 2011 | 4% | 14% | 12% | **2521 29.12.2010** | 0,782% | 10,782% | 8,782% |
| 01.07-31.12. 2011 | 4% | 14% | 12% | **5978 30.06.2011** | 1,325% | 11,325% | 9,325% |
| 01.01-30.06. 2012 | 4% | 13,75% | 12% | **9901 28.12.2011** | 1,024% | 11,024% | 9,024% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.07-31.12. 2012 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **5631 29.06.2012** | 0,373% | 10,373% | 8,373% |
| 01.01-30.06. 2013 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **10257 31.12.2012** | 0,109% | 10,109% | 8,109% |
| 01.07-31.12. 2013 | 3,50% | 13,50% | 11,50% | **23009 28.06.2013** | 0,123% | 10,123% | 8,123% |
| 01.01-30.06. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40842 31.12.2013** | 0,216% | 10,216% | 8,216% |
| 01.07-31.12. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21389 25.06.2014** | 0,099% | 10,099% | 8,099% |
| 01.01-30.06. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40009 29.12.2014** | 0,018% | 10,018% | 8,018% |
| 01.07-31.12. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **22941 29.06.2015** | -0,064% | 9,936% | 7,936% |
| 01.01-30.06. 2016 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **41260 29.12.2015** | -0,205% | 9,795% | 7,795% |
| 01.07-31.12. 2016 | 4% | 14% | 12% | **21125 27.06.2016** | -0,205% | 9,795% | 7,636% |
| 01.01-30.06. 2017 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **3845 30.12. 2016** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12. 2017 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21905 29.06.2017** | -0,372% | 9,627% | 7,627% |
| 01.01-30.06. 2018 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **39714 26.12.2017** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12 2018 | 3,00% | 13,00% | 11,00% | **22066 27.06.2018** | -0,370% | 9,630% | 7,630% |
| 01.01-30.06. 2019 | 2,50% | 12,50% | 10,50% | **40459 26.12.2018** | -0,364% | 9,612% | 7,612% |
| 01.07-31.12. 2019 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06.2019** | -0,388% | 9,612% | 7,612% |
| 01.01-30.06 2020 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06.2019** | -0,438% | 9,562% | 7,562% |
| **03.04-30.04. 2020 (вонред-на состојба)** | **1,75%** | **6,75%** | **5,75%** | **11011 03.04.2020** | **-0,423%** | **4,577%** | **3,577%** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.05-31.05. 2020 (вонред-на состојба) | 1,75% | 6,75% | 5,75% | 12262 29.04.2020 | -0,460% | 4,54% | 3,54% |
| 01.06-30.06. 2020 (вонред-на состојба) | 1,50% | 6,50% | 5,50% | 14004 29.05.2020 | -0,482% | 4,518% | 3,518% |
| 01.07-31.12.2020 | 1,50% | 11,50% | 9,5% | 15997 30.06.2020 | -0,51% | 9,446% | 7,49% |
| 01.01-30.06. 2021 | 1,50% | 11,50% | 9,5% | 31368 24.12.2020 | -0,554% | 9,446% | 7,446% |
| 01.07-31.12. 2021 | 1,25% | 11,25% | 9,25% | 19476 29.06.2021 | -0,555% | 9,445% | 7,445% |
| 01.01.- 30.06 2022 | 1.25% | 11.25% | 9.25% | 37790/1 28.12.2021 | -0.583% | 9.417% | 7.417% |

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

дипл.правник: Елена Јандриоска

## ПРОКУРА

***Прокурата е специфичен вид на трговско полномошно, чија содржина и обем се утврдени со Законот за трговски друштва. Таа е посебен вид на полномошно, што може да го даде само едно лице, кое има својство на трговец.***

### *ВОВЕД*

Прокурата е институт од доменот на застапување, кој е типичен за трговското право.

Прокурата како тип на полномошно, настанува на многу посебен начин, со содржината и со обемот на овластувања определени со Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ” 28/2004....120/2018, 290/20, 215/21), а не во договорот склучен помеѓу трговецот и полномошникот.

Овој тип на полномошно е настанат, со цел лицата кои дејствуваат во името на трговецот, да имаат неограничени овластувања во поглед на застапување на трговецот, за да можат слободно да дејствуваат во секоја ситуација, со цел да се подобри динамиката во работењето на друштвото.

**Прокурата може да ја даде само лице кое има својство на трговец.**

Посебноста на овој тип на полномошно е што таа во ништо не е зависна од внатрешните односи, **што постојат помеѓу трговецот и прокуристот.**

Прв пат прокурата била воведена со Основниот закон за претпријатија од 1965 година, а била повторно воведена со Законот за претпријатија од 1988 година.

## *1. ПРОКУРА*

### *1.1. Поим – прокура*

Согласно член 68 од Законот за трговски друштва ***(во продолжение Законот),*** поимот прокура е утврден со Законот за трговски друштва и за него е дадена јасна дефиниција.

Прокурата е трговско полномошно чија содржина и обем се утврдени со Законот за трговски друштва.

Во определување на поимот прокура, суштствени се два елемента: прво, прокурата како трговско полномошно и второ, полномошно чија содржина и обем се определени со Закон.

Дополнителни елементи кои ја комплетираат дефиницијата за поимот на прокурата е дека таа може да ја даде само правно или физичко лице, кое според ЗТД се смета за трговец и дека се дава на начин определен со изјава за основање на друштвото, договорот за основање на друштвото, односно статусот на друштвото, како и дека **секогаш се дава по писмена форма**.

Две основни карактеристики на прокурата се дека:

- **прво, правата на прокуристот извираат од волјата на трговецот, кои се искажани во писмена форма и**
- **второ, дека содржината и обемот на тие права се определени со ЗТД и не може да се ограничуваат од трговецот, освен во случаи кои се определени со Закон.**

Прокуристот добива полномошно од трговецот, што значи дека застапничките овластувања ги црпи од правната работа со трговецот.

Писменото полномошно му дава на прокуристот да дејствува во име и за сметка на трговецот.

Покрај полномошното, потребно е и склучување на договор помеѓу трговецот и прокуристот, со кој ќе се уредат меѓусебните односи, кои произлегуваат од даденото полномошно.

Содржината и обемот на правата на прокуристот се определени со Законот, а не во полномошното што на прокуристот му го дава трговецот.

Прокурата може да се практикува само во трговскиот промет.

## *2. СТЕКНУВАЊЕ НА СВОЈСТВОТО ПРОКУРИСТ*

Прокурата може да ја даде само правно или физичко лице, кое според ЗТД се смета за трговец.

Прокурата може да дадат трговски друштва и трговци-поединци.

Лицето кое го изгубило својството на трговец, не може да даде прокура.

Тоа важи и за лицата над кои е отворена постапка за стечај, бидејќи со отварањето на стечајната постапка, лицето го губи својството да се занимава со определена дејност како трговец.

**Трговец-поединец, прокурата ја дава лично и ова овастување на може да го пренесе на друго физичко лице.**

Кај трговските друштва, прокурата може да дадат лица и органи, кои се овластени да го застапуваат трговското друштво.

Кај персоналните друштва, назначувањето на прокуристот го вршат содружниците, кои се овластени да управуваат со друштвото.

Во капиталните друштва, назначувањето на прокуристот го вршат органите на управувањето: одборот на директори, односно управниот одбор или управителот или управителите.

Во трговското друштво, прокурата се дава на начин утврден со изјавата за основање на друштвото, со договорот за основање на друштвото, осносно со статусот на друштвото.

Со овие акти содружниците, односно акционерите определуваат кој може да дава прокура и го определуват начинот на кој се дава прокурата, односно дали одлуката за давање на прокура, ќе ја донесат заедно сите членови на органот за управување.

Кај персоналните друштва, кои не се обврзани со орган на управување, назначувањето на прокуристот го вршат содружниците, кои се овластени да управуваат со друштвото или сите содружници.

Давањето на прокурата може да се услови и со дополнителна согласност на содружниците, кои се искучени од управувањето или со согласност, односно одобрение на надзорниот одбор, кога за прокурата одлучува управниот одбор, односно во друштвото со ограничена одговорност со согласност на органот за надзор, ако таков орган се обврзува во друштвото, односно со согласност на сите содружници.

Со изјавата за основање, со договорот за друштвото, односно со статутот на друштвото се определува дали прокурата се дава како поединечна или како колективна, или само како поединечна или само како колективна.

Со истите акти за основање, може да биде исклучена можноста да се дава прокура.

Овластените лица во друштвото, односно органите мораат да донесат формална одлука за давање на прокура, која мора да биде дадена во писмена форма.

Прокурата за да да биде полноважна, потребно е да се назначи кој ја издава прокурата, односно трговецот- поединец, односно кое друштво е давателот; јасно да биде искажана волјата на давателот на прокурата на определено, точно именувано лице да му даде прокура и писмената форма на прокурата да биде потпишана од овластено лице на трговецот.

**Со ЗТД е забрането, прокурата да се дава на правни лица.**

За стекнување на својство на прокурист, Законот пропишува дека физичкото лице мора да биде полнолетно и да е деловно способно.

Секое полнолетно и деловно физичко лице, може да му се даде прокурата, без разлика на должноста и работите кои ги врши, освен ако со изјавата за основање, со договорот односно статутот на друштвото, не се определени посебни услови или дополнителни услови.

Прокурата не може да се даде на лице кое е овластено да го застапува друштвото, бидејќи тоа лице и има овластување за застапување, кое е запишано во Централниот регистар.

Меѓутоа, нема пречка да се даде прокурата на содружник на друштвото, кој не е овластен да го застапува друштвото. Прокурист не може да биде трговец- поединец.

Односите помеѓу друштвото и прокуристот, како и наградувањето на прокуристот, се уредуваат со договор.

Прокурата може да се даде на едно физичко лице ***(поединечна прокура),*** или на две или на повеќе физички лица заедно ***(групна прокура).***

Ако прокурата е дадена на две или на повеќе физички лица, секое од тие лица е прокурист кој самостојно го застапува трговското друштво во рамките на овластувањата определени со Закон.

Прокурата дадена на две или повеќе лица, ќе се смета за групна прокура, само ако тоа е изречно назначено во прокурата.

Во случај на групна прокура, изјавите на волја, правните работи и дејствија се полноважни, ако се сторени од сите прокуристи заедно, односно ако се согласиле сите прокуристи.

Правните работи и дејствија, коишто ќе ги стори еден од прокуристите, се смета дека се полноважни, ако другите прокуристи за нив дале изречна согласност или ако другите прокуристи дополнително дадат согласност.

Изјава на волја или правна работа и дејствие направено од еден од прокуристите, се смета дека е направено од сите прокуристи.

Во случај на групна прокура, знаењето на правно битните факти или вината на еден од прокуристите, предизвикува правно дејство за давателот на прокурата, без оглед на тоа дали тоа го знаеле или дали се виновни другите прокуристи.

### *2.1. Запишување на прокурата во трговскиот регистар*

Друштвото, односно трговецот- поединец, давањето на поединечна или групна прокура, ги запишува во Централниот регистар. Името и презимето на прокуристот, како и неговиот матичен број (ЕМБГ), сите ограничувања на прокурата како и отповикот на прокурата, се запишуваат во трговскиот регистар.

Кон пријавата за упис се приложува и одлука за давање на прокурата, односно одлука со којашто се ограничува, односно се отповикува таа и доказ за заверен потпис, што го содржи полното име и презиме на прокуристот.

Прокурата се смета за полноважна, кога одлуката за давање на прокурата, ќе му биде доставена на прокуристот.

Пријавата и прилозите кои се доставуваат во Централниот регистар не се заверуваат кај нотар, доколку се поднесуваат преку Системот за е-регистрација, лично потпишани со електронски потпис или преку регистрационен агент.

## 3. ОБЕМ НА ОВЛАСТУВАЊА ОД ПРОКУРАТА

Согласно член 71 од законот, прокурата има неограничен обем на овластувања.

Прокуристот може да ги склучува сите договори и да ги врши и сите други правни работи и дејствија во име и за сметка на трговското друштво во рамките на предметот на работењето на друштвото, да го управува претпријатието на давателот на прокурата и да го застапува друштвото во постапките пред управните и другите државни органи, организациите и установите со јавни овластувања и судовите.

Со измената на Законот за трговски друштва од 2004 година, се прошири обемот на прокурата и овластувањето на прокуристот да го управува друштвото.

Обемот и овластувањето на прокуристот е еднаков со обемот и овластувањето на самиот трговец, кои што самиот би можел да го врши во рамките на работењето на своето друштво.

### 3.1. Ограничувања на обемот на прокурата

Со Законот за трговски друштва, се утврдени ограничувањето на обемот на прокурата:

- **Прокуристот не може да го отуѓува и да го оптоварува недвижниот имот на друштвото;**
- **Прокуристот не може да дава полномошно за склучување на договори и други правни работи на друго лице.**

Со ограничувањето на прокуритот да не може да отуѓува и оптоварува имот на друштвото, опфатен е само недвижниот имот на друштвото.

Но, сепак отуѓување и оптоварување на недвижен имот на друштвото, можат да бидат дополнително ставени во кругот на овластувања на прокуристот.

За тоа е потребно посебно полномошно, што може да се даде со посебен акт или кое може да биде содржано во актот, со кој се дава прокурата.

Со ограничувањето на прокуристот да не може да дава полномошно за склучување на договори и други правни работи на друго лице, се опфатени и правните работи како што се: започнување на постапката за ликвидација или за стечајна постап-

ка или друга постапка, што може да доведе до престанување на друштвото. Исто така се забранува, прокуристот да поднесе предлог за отпочнување на постапка за статусна промена (присоединување, спојување или поделба).

Со Законот исто е пропишано и ограничување за забрана за пренесување на прокурата на друго физичко лице, како и забрана прокуристот да склучува договор со самиот себе.

### *4. ОТПОВИК НА ПРОКУРАТА*

Согласно член 76 од законот, дадената прокура може да биде отповикана во секое време, без оглед на правната основа врз којашто е дадена.

**Прокурата се отповикува со јавно изразена волја на давателот на прокурата.**

Отповикот на прокурата мора да биде изречно даден и да биде во писмена форма.

Актот за отповикување се доставува до прокуристот. Прокурата се смета за отповикана од денот на доставување на актот за отповикување на прокурата.

Со доставување на отповикување на прокурата на прокуристот, се спречува превземање на правни дејствија, со кои на трговецот може да му се нанесе штета.

Отповикувањето на прокурата има дејство спрема трети лица, дури по уписот на отповикувањето на прокурата во трговскиот регистар.

Според Законот за облигациони односи,односно членот 86, полномошното престанува со престанувањето на правното лице како полномошник, со што значи дека прокурата ќе престане кога трговското друштво давател на прокурата ќе престане и кога ќе биде избришано од трговскиот регистар, бидејќи со престанување на друштвото, прекинува и предметот на прокурата.

Кај трговците - поединци, прокурата што ја дал тр-говецот - поединец, не престанува во случај на смрт на давателот на прокурата, ниту ако давателот на прокурата му е одземена или ограничена деловната способност.

Трговското друштво, кое го застапува и управува прокурист, не престанува со смртта на неговиот сопственик.

Со самото престанување на друштвото престанува и прокурата.

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

дипл.економист Јулија Минковска

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ ЈУНИ 2022 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2022 година (за даноци и придонеси)* | *43.509,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата, исплатена во РМ за 2022 година, за образец (МПИН)* | *21.755,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси (16 просечни бруто плати - (16 x 43.509)* | *696.144,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2022 година* | *8.788,00* |
| *Дневница за службени патувања од 22.06.2022* | *2.465,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2021 година* | *28.718,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2021 година* | *42.887,00* |

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2022 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за *2022* година, изнесува:

| |
|---|
| ***43.509,00 денари.*** |

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2022 година.***

## 2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ

### 2.1. Најниска основица за вработени лица

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08 .... 171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2022* година, изнесува:**

| |
|---|
| ***21.755,00 денари (43.509,00 x 50%).*** |

### 2.2. Најниска основица за самовработени лица

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)***<br>***21.755,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*)**<br>***43.509,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:***<br>***21.755,00 денари.*** |

## 3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ

### 3.1. Највисока основица за вработени лица

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ ***за 2022 година***, изнесува:

| |
|---|
| ***696.144,00 денари (16 x 43.509,00 денари).*** |

***3.2. Највисока основица за самовработени лица***

*НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА* за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

***522.108,00 денари (12 x 43.509,00 денари)***

***3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво***

*НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА* за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2022 година**, изнесува.

***696.144,00 денари (16 x 43.509,00 денари***

***3.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност***

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

***34.807,00 денари (43.509,00 денари x 80%).***

***НАПОМЕНА: На износот, повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, додека на разликата над највисоката основица се пресметува Данок на личн доход.***

## *4. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ*

| *ПРИДОНЕСИ* | *Стап-ка* | *Најнизок износ* | *Највисок износ* |
|---|---|---|---|
| Придонес за пензиско и инва-лидско осигурување за месец ***ЈУНИ/2022 година,*** по вработ. | 18,8% | ***4.090,00*** | ***130.875,00*** |
| Придонес за здравствено оси-гурување за месец ***ЈУНИ/2022 година***, по вработен | 7,5% | ***1.632,00*** | ***52.210,00*** |
| Придонес за вработување за месец ***ЈУНИ/2022 година***, по вработен | 1,2% | ***261,00*** | ***8.354,00*** |
| Придонес за професионално за-болување за месец ***ЈУНИ/2022 година,*** по вработен. | 0,5% | ***109,00*** | ***3.48100*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | ***28%*** | ***6.092,00*** | ***194.920,00*** |

## *5. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ (“Служ-бен весник на РМ” 11/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 239/19; 41/22), висината на минималната плата во Република Македонија:

| ***Р.бр*** | ***Период на важност*** | ***Нето*** | ***Бруто*** | ***Сл. Весник на РСМ*** |
|---|---|---|---|---|
| ***1.*** | ***01.01.2020 – 31.03.2020*** | ***14.500,00*** | ***21.107,00*** | ***239/2019 Закон*** |
| ***2.*** | ***01.04.2020 – 30.06.2020*** | ***14.500,00*** | ***21.107,00*** | ***88/2020 Уредба*** |
| ***2.*** | ***01.07.2020 – 31.03.2021*** | ***14.934,00*** | ***21.776,00*** | ***75/2020 Објава*** |
| ***3.*** | ***01.04.2021 – 31.03.2022*** | ***15.194,00*** | ***22.146,00*** | ***80/2021 Објава*** |
| ***4.*** | ***01.03.2022 – 28.02.2023*** | ***18.000,00*** | ***26.422,00*** | ***41/2022 Закон*** |

# 6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД

## 6.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2022 до 31.12.2022 година)

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20, 85/21), данокот на личен доход за доход од работа, се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

## 6.2. Даночно намалување

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2022*** година, на месечно и годишно ниво, изнесува:

| *Период* | *2022 годинс* |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***8.788,00*** |
| ***Годишно*** | ***105.456,00 (8.788 x 12)*** |

# 7. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец ***АПРИЛ/2022*** година во однос на месец ***МАРТ/2021*** година се ***ПОВИСОКИ за (2,2%).***

2. Право на пораст на платите за месец ***АПРИЛ/2022*** во однос на месец ***МАРТ/2021*** *година*, изнесува ***(1,10%).***

## *8. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за месец ***ЈУНИ/2022*** година, изнесуваат:

***176 часа.***

## *9. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ЗА 2022 година*

***9.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец (IV/2022), а се однесува за месец ЈУНИ/2022 година, изнесува:***

***47.092,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр**. 4.1.22.58 од 22.06.2022).***

***9.2. Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (II-III-IV/2022 година),*** а се однесува месец ***ЈУНИ/2022 година изнесува:***

***46.007,00 денари,***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.58 од 22.06.2022).***

## *10. ПРОСЕЧНА НЕТО ПЛАТА ЗА 2022 година*

***10.1. Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за месец (IV/2022), а се однесува за месец ЈУНИ/2022 година, изнесува:***

***31.525,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр**. 4.1.22.57 од 22.06.2022).***

***10.2. Просечна исплатена месечна НЕТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (II-III-IV/2022 година),*** а се однесува месец ***ЈУНИ/2022 година изнесува:***

***30.808,00 денари,***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.57 од 22.06.2022).***

## *11. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

***11.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал***

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(IV), а се однесува за месец ЈУНИ/2022 година*** изнесува:

***31.525,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.57 од 22.06.2022).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***ОСНОВИЦАТА од 31.525,00 денари:***

***За ОПШТЕСТВЕНИ правни лица***

| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР** |
|---|
| ***18.915,00 денари***<br>**(60% од основицата )**<br>***(31.525,00 x 60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА** |
| ***63.050,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата)**<br>***(2 x 31.525,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 63.050,00 денари*** |

| ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО |
|---|
| ***18.915,00 денари*** <br> ***(60% од основицата)*** <br> ***(31.525 х 60%)*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 18.915,00 денари.*** |

*11.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР*

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(II-III-IV/2022 година),*** а се однесува за месец ***ЈУНИ/2022 година, изнесува:***

| ***30.808,00 денари*** |
|---|

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.57 од 22.06.2022).***

Износот ***30.808,00 денари,*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за *ПРИВАТНИ правни лица:***

| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*** |
|---|
| ***Регрес за годишен одмор*** (Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од ***најмалку 40%*** од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година, кај ист работодавач): <br> ❖ ***НАЈНИЗОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ЈУНИ/2022 година изнесува:*** <br> ***12.323,00 денари во НЕТО износ*** <br> ***(30.808,00 х 40%)*** |
| ***Согласно колективен договор на ниво на дејност или КД на ниво на работодавач може да се утврди регрес во поголем износ од износот согласно ОКДПСОС.*** <br> ***ДАНОЧНО ПРИЗНАТ РАСХОД ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС*** <br> ***37.674,00 денари (47.092,00 х 80%)*** <br> (***80% од просечна месечна БРУТО плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)*** <br> ***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

| ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА |
|---|
| ***61.616,00 денари***<br>***(двократен износ од основицата (2 x 30.808)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 61.616,00 денари*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** |
| ***30.808,00 денари***<br>***(во висина на основицата), за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход 11,1111%*** |
| ***ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** |
| ***18.485,00 денари***<br>**60% од основицата – ( 60% од *30.808,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 18.485,00 денари.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА*** |
| ***2.465,00 денари***<br>**- 8% од основицата (8% од *30.808,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 2.465,00 денари.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО*** |
| ➢ ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;<br>➢ ***20% од утврдената дневница,*** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и<br>➢ ***5% од утврдената дневница,*** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа. |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** |
| ***92.424,00 денари***<br>***во висина од ТРИ основици (3 x 30.808,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 92.424,00 денари.*** |

| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО*** |
|---|
| ***61.616,00 денари***<br>***во висина од ДВЕ основици (2 x 30.808,00 денари)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 61.616,00 денари.*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ*** |
| ***30.808,00 денари***<br>***(во висина на основицата)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 30.808,00 денари.*** |
| ***КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО***<br>***ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ*** |
| **(во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).<br>***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.*** |
| ***НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН***<br>***ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ*** |
| ***(во висина на стварни трошоци)***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| ***ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА 2022*** |
| ***5.744,00 денари***<br>(во висина од *20% од* просечна нето плата, исплатена во претходната 2021 година ***(28.718,00 x 20%)***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход НАД 5.744,00 денари.*** |
| ***НЕПРЕКИНАТО БОЛЕДУВАЊЕ***<br>***ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ*** |
| ***(поради повреда на работа и професионално заболување)***<br>***30.808,00 денари;***<br>Во висина од една просечна месечна нето плата исплатена по работник во РСМ за последните три месеци<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

### 12. НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ што го исплатува Фондот за здравствено осигурување

Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ" 25/00...275/19, 77/21), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2022 година, изнесува ***ЧЕТИРИ просечни месечни нето плати*** исплатени во РМ во претходната 2021 година ***(4 x 28.718,00 денари).***

***114.872,00 денари.***

### 13. НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2022 ГОДИНА

Највисокиот износ на пензија, според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2022 година, изнесува:

***57.992,00 денари.***

### 14. РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност како трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец ЈУНИ/2022 година*** изнесува (***2 x 31.080,00 денари)***

***62.160,00 денари.***

### 15. МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК на членови на Органи на управување

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка ("Службен весник на РМ" 25/00...251/21), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата, исплатена во претходната 2021 година во РСМ во висина од:***

***21.444,00 денари (50% од 42.887,00 денари).***

## *16. ТРОШОЦИ ПО ОСНОВ НА УПЛАТЕНИ ДОБРОВОЛНИ ПРИДОНЕСИ ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД*

Трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд се утврдуваат ***во висина од износот од 2 просечни Месечни Бруто плати*** исплатени во претходната 2021 година, на годишно ниво по вработен, кои изнесуваат:

***85.774,00 денари**: (2 x 42.887,00).*

## *17. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ ПРИВАТЕН сектор*

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 15 дена | 70% од основицата |
| Над 15 дена, почнувајќи од првиот ден на боледувањето, за сите денови | 90% од основицата |
| Над 30 дена, кога боледувањето го плаќа работодавачот | 90% од основицата |

***ОСНОВИЦА*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

## *18. ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК*

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18; 110/19; 267/20; 151/21), во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок),* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| *Години поминати во работен однос* | *Висина на плата* |
|---|---|
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
| **Над 25 години** | **Седум плати** |

| *Испратнина за 2022* | *Просечна Нето плата по работник во претходниот месец* | *Најнизок износ на испратнина* |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 (2x50%) |
| *ЈАНУАРИ/2022* | *29.145,00* | *14.573,00* |
| *ФЕВРУАРИ/2022* | *29.130,00* | *14.565,00* |
| *МАРТ/2022* | *29.943,00* | *14.972,00* |
| *АПРИЛ/2022* | *29.980,00* | *14.990,00* |
| *МАЈ/2022* | *29.839,00* | *14.919,00* |
| *ЈУНИ/2022* | *31.080,00* | *15.540,00* |

**НАПОМЕНА 1:** Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата ***да не биде помала од 50%*** од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос ***кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач,*** на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

## *19. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА*

Согласно член 8 од Законот за Практиканство (Службен весник на РС Македонија, 98/19, 103/21), практикантот за време на практиканската работа кај работодавачот ***има право на МЕСЕЧЕН надоместок кој се исплаќа од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок *се утврдува во НЕТО износ за полно работно време* во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

*** Од 42% до 74% од *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА, за практикантска работа ДО ТРИ месеци*; и**

*** Во висина на *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА утврдена согласно со Закон, за практикантска работа НАД ТРИ месеци*,** сметано **од четвртиот месец**.

**Минимална НЕТО плата *18.000,00 денари*.**

**Се пресметува и плаќа:**

- ***Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест од 4% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување од 0,5% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

## *20. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, **не се плаќа за:**

***Надоместокот за практична обука на ученици и студенти,во висина до 8.000 денари месечно:***

***Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти, над 8.000 денари се пресметува и плаќа Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси, ***учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%, а обврската за пресметка и уплата на придонесот паѓа на товар на установата од областа на образованието.***

## *21. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа.......................................... 35%***
- ***Работа ноќе............................................................ 35%***
- ***Работа во три смени ............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно **не се исклучуваат**.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време, во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот, се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.**

## *22. НАДОМЕСТ ОД ПЛАТА ЗА ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2022 година ("Службен весник на РМ" 287/21), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО***
***9.242,00 денари***

***(30% од просечна Месечна Нето плата, и***сплатена во РМ во претходни три месеци***) (30% x 30.808,00)***

***(Ослободен од Данок на личен доход до 9.242,00 денари);***

| |
|---|
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК***<br>***63.050,00 денари (2 x 31.525,00)***<br>***(двократен износ на просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена на денот на исплатата)***<br>***(Ослободен од Данок на личен доход до 63.050,00 денари);*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***<br>***31.525,00 денари***<br>***(во висина на просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена на денот на исплатата)***<br>***(Ослободен од Данок на личен доход до 31.525,00 денари);*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА***<br>***(за најмалку 10 години работа кај ист работодавач)***<br>***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2022 година НЕ Е ПРОПИШАНА)*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***<br>***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2022 година од 01.01.2022 година):***<br>***700,00 денари*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА***<br>***(двократен износ од просечна Месечна Нето плата, по работник исплатена во РМ до денот на исплата***<br>***63.050,00 денари (2 x 31.525,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 63.050,00 денари.*** |
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***<br>***(Согласно член 21 од Гранскиот Колективен договор за Органи на државна управа, Стручни служби на Влада на РМ, Судовите, Јавните обинителства, Казнено-поправните и воспитно поправните установи, Државно правобранителство, општините, градот и општините на градот Скопје Агенциите, Фондовите и други органи основани од Собранието на РМ („Службен весник на РМ" 51/20, 172/21),*** вработениот **<u>има право</u>** на регрес за годишен одмор, во висина **од најмалку:**<br>***9.000,00 денари НЕТО,***<br>под услов вработениот ***да работел најмалку шест (6) месеци, во календарската година кај работодавачот.*** |

| |
|---|
| ***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК***<br><br>*(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2022 година, НЕ Е ПРОПИШАН).* |
| ***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***<br><br>Согласно член 14 од Законот за Извршување на Буџетот за 2022 година, во висина од **една просечна месечна нето плата** *(во Органот каде што е вработен).*<br>***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ***<br><br>***(во висина на стварни направени трошоци).***<br>***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ ЗА ЈУНИ//2022***<br><br>***6.433,00 денари (42.887,00 х 15%)***<br>***(во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2021 година***):<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 6.433,00 денари.*** |
| ***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ за 2022 година изнесува:***<br><br>***81,60 денари***<br>Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ***("Службен весник на РМ" 293/2021).*** |
| ***Просечна месечна БРУТО плата исплатена по вработен за Шифра 84-Јавна управа и одбрана за ЈАВЕН СЕКТОР- (за задолжително социјално осигурување)*** **за IV/2022 година*****, се однесува за месец ЈУНИ/2022 година изнесува:***<br><br>***26.755,00 денари (50% од 53.510,00)*** |

### 22.1. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на РС Македонија, работникот има право на ***надомест на плата – боле-дување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 7 дена<br>До 15 дена<br>Од 15 до 21 ден | 70% од основицата<br>80% од основицата<br>90% од основицата |
| за професионално заболување и повреда на работа, давање крв, бременост и раѓање | 100% од основицата |

***ОСНОВИЦА: Просечна исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

### 22.2. Додатоци на плата ЈАВЕН СЕКТОР

Согласно член 17 од Општиот Колективен договор за **јавен сектор** на РМ („Службен весник на РМ" 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа..............................................29%***
- ***Работаноќе...............................................................29%***
- ***Работа во три смени ................................................4%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................29%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 42%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

**Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## 23. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА ЗА 2022 ГОДИНА

### 23.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО НЕТО износ

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **18.000,00** |
| 2. Даночно намалување за 2022 година | 8.788,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 9.212,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (3 x 11,1111%)** | **1.024,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **19.024,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (19.024 x 1,3889)** | **26.422,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (7 x 18,8%) | 4.967,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (7 x 7,5%) | 1.982,00 |
| 9. Придонес за вработување (7 x 1,2%) | 317,00 |
| 10. Придонес за дополнително (7 x 0,5%) | 132,00 |
| 11. **Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **7.398,00** |
| 12. Бруто плата намалена за придонеси (7 -11) | 19.024,00 |
| 13. Даночно намалување за 2022 година | 8.788,00 |
| 14. Основица за данок на доход (12-13) | 10.236,00 |
| **15. Данок на доход (14 x 10%)** | **1.024,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6-11-15)** | **18.000,00** |

### 23.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО БРУТО износ

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **26.422,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 4.967,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.982,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 317,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 132,00 |
| 6. **Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **7.398,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 - 6) | 19.024,00 |
| 8. Даночно намалување за 2022 година | 8.788,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 - 8) | 10.236,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **1.024,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 - 6- 10)** | **18.000,00** |

### *23.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **21.755,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 х 18,8%) | 4.090,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 х 7,5%) | 1.632,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 х 1,2%) | 261,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 х 0,5%) | 109,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **6.092,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 15.663,00 |
| 8. Даночно намалување за 2022 година | 8.788,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 6.875,00 |
| **10. Данок на доход (10 х 10%)** | **688,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **14.975,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 21.755,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 21.755,00 |

***- (вкалкулирана бруто плата),***

| | | |
|---|---|---|
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 21.755,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 14.975,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 688,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 6.092,00 |

***- (за пресметана плата, даноци и придонеси),***

| | | |
|---|---|---|
| 2430 – Обврски за нето плата | 14.975,00 | |
| 2340 – Данок од плата | 688,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 6.092,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 21.755,00 |

***- (исплатена бруто плата).***

### 23.4. Пресметка на Плата која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА (165 x 43.509,00)** | **696.144,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 130.875,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 52.210,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 8.354,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 3.481,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **194.920,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 501.224,00 |
| 8. Даночно намалување за 2022 година | 8.788,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 492.436,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **49.244,00** |
| **11. Нето плата (1 – 6– 10)** | **451.980,00** |

### 23.5. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **700.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси за највисок износ | 194.920,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **505.080,00** |
| 4. Даночно намалување за 2022 година | 8.788,00 |
| 5. Основица за данок (3 – 4) | 496.292,00 |
| **6. Данок на личен доход** *(5 x 10%)* | **49.629,00** |
| **7. Нето плата (3 - 6)** | **455.451,00** |

# ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## КОЕФИЦИЕНТ НА МДБ

***Коефициент на МДБ за месец МАЈ 2022 изнесува (7,2%)***

Врз основа на член 44 од Законот за Данок на добивка (“Службен весник на РСМ” 112/2014...290/20; 151/21) Државниот завод за статистика, го утврдува и објавува:

### ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РСМ ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2022 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Кумулативен порат на цените на мало во РСМ за периодот **МАЈ 2022** ***година*** во однос на просечните цени на мало ***во 2021 година, изнесува:*** | ***7,2%*** |
| **2.** | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок на добивка за месец ***МАЈ 2022 година,*** **изнесува**: | ***7,2%*** |

Бидејки коефициентот на **МДБ за месец** ***МАЈ/2022 година,*** е **ПОЗИТИВЕН,** Месечната аконтација на данокот на добивка, ке се пресмета како ***1/12*** **од Годишниот данок утврден во Даночниот биланс за оданочување на добивката за 2021** година, од ***(АОП/ 56), помножен со 7,2%.***

# КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2022 ГОДИНА

***Месечен коефициент за МАЈ/2022 (0,003).***
***Кумулативен коефициент од I до V 2022 (0,043).***

## *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***МАЈ/2022*** година, во однос на ***АПРИЛ/2022*** година. | ***0,003*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на ***МАЈ/2022*** година. | ***0,043*** |
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***МАЈ/2022*** година во од-нос на ***АПРИЛ/2022*** **година.** | ***0,055*** |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***МАЈ/2022*** година, во однос на ***АПРИЛ/2022*** година. | ***0,015*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на цените на мало од почетокот на годината до крајот на ***МАЈ/2022*** година**.** | ***0,079*** |
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на мало во ***МАЈ/2022*** година во однос на ***АПРИЛ/2022*** година. | ***0,121*** |

### *3. ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА*

| *Р.бр.* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***МАЈ/2022*** година, во однос на ***АПРИЛ/2022*** година. | ***0,020*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период од почетокот на годината до крајот на ***МАЈ/2022*** година во однос на просекот на трошоците на живот ***во 2021*** *година.* | ***0,073*** |

# ПРЕГЛЕД НА ВИСИНА НА СТАПКА НА КАЗНЕНА И ДОГОВОРНА КАМАТА ОД 01.02.2010 ДО 30.06.2022 година

| Период | Референтна каматна стапка | Казнена камата правно и правно | Казнена камата правно и физичко | Објава на НБРМ | Стапка на EURIBOR | Правно и правно | Правно и физичко |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3=(2+10%) | 4=(2+8%) | 5 | 6 | 7=(6+10%) | 8=(6+8%) |
| 01.02-30.06 2010 | 8,5% | 18,5% | 16,5% | **8562 30.12.2009** | 0,453% | 10,453% | 8,453% |
| 01.07-31.12 . 2010 | 5% | 15% | 13% | **4474 30.06.2010** | 0,485% | 10,485% | 8,485% |
| 01.01-30.06. 2011 | 4% | 14% | 12% | **2521 29.12.2010** | 0,782% | 10,782% | 8,782% |
| 01.07-31.12. 2011 | 4% | 14% | 12% | **5978 30.06.2011** | 1,325% | 11,325% | 9,325% |
| 01.01-30.06. 2012 | 4% | 13,75% | 12% | **9901 28.12.2011** | 1,024% | 11,024% | 9,024% |
| 01.07-31.12. 2012 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **5631 29.06.2012** | 0,373% | 10,373% | 8,373% |
| 01.01-30.06. 2013 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **10257 31.12.2012** | 0,109% | 10,109% | 8,109% |
| 01.07-31.12. 2013 | 3,50% | 13,50% | 11,50% | **23009 28.06.2013** | 0,123% | 10,123% | 8,123% |
| 01.01-30.06. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40842 31.12.2013** | 0,216% | 10,216% | 8,216% |
| 01.07-31.12. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21389 25.06.2014** | 0,099% | 10,099% | 8,099% |
| 01.01-30.06. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40009 29.12.2014** | 0,018% | 10,018% | 8,018% |
| 01.07-31.12. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **22941 29.06.2015** | -0,064% | 9,936% | 7,936% |
| 01.01-30.06. 2016 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **41260 29.12.2015** | -0,205% | 9,795% | 7,795% |
| 01.07-31.12. 2016 | 4% | 14% | 12% | **21125 27.06.2016** | -0,364% | 9,636% | 7,636% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.01-30.06. 2017 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **38458 30.12.2016** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12. 2017 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21905 29.06.2017** | -0,373% | 9,627% | 7,627% |
